Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-249/3
30.03.2026 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 19 став 2 точка 4 од Законот за Јавни претпријатија (Сл.Весник на РМ 38/96,9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19, 89/22 и 274/22), и член 27 од Статутот на ЈП Градски Паркинг – Скопје, Управниот Одбор во рамки на своите права и овластувања на ден 30.03.2026 година ја донесе следнава:

# О Д Л У К А
## за усвојување на Извештај за работењето на ЈП Градски Паркинг-Скопје за 2025 година

***член 1***

Со оваа Одлука се усвојува Извештај за работењето на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Градски Паркинг-Скопје за 2025 година, согласно позитивното мислење кое го даде Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на Претпријатието.

***член 2***

Се задолжува Директорот на претпријатието горенаведениот Извештај да го достави до Градоначалникот на Град Скопје и Советот на Град Скопје заради добивање на согласност и истиот да го објави на веб страната на претпријатието.

***член 3***

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува по добивање на согласност од Советот на Град Скопје.

ЈП Градски паркинг- Скопје
Скопје. 30.03.2026 година

УПРАВЕН ОДБОР НА
ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ-СКОПЈЕ
Претседател,
м-р Боби Наумовски

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-249/3
30.03.2026 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО

НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА
ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ
ЗА 2025 ГОДИНА

Скопје, март 2026 година

Почитувани,

Пред Вас се наоѓа Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Градски Паркинг- Скопје во 2025 година. Денови поминати во унапредување на работата, пресликани во страници кои сведочат за спроведените секојдневни обврски, предизвици и успеси со кои се соочуваше јавното претпријатие.

На сите Вас заинтересирани граѓани, кои имате желба или потреба да ја следите нашата работа, чувствуваме обврска да Ви го претставиме извештајот од нашето работење како алатка на отчетност и транспаретнтност на едно демократско општество.

Во Извештајот за работењето ќе најдете основни податоци и информации за претпријатието. Податоци кои се однесуваат на составот и структурата на вработените по основ на разни параметри и промени. Едно поглавие е посветено на паркинг површините со кои стопанисува претпријатието, друго на секторот кој со специјалните возила Пајак работи на отстранување возила од јавни површини. Тука се и извештаите за целокупното финансиско работење во 2025 година, финансискиот резултат: билансот на успех и биланс на состојба.

Поминавме година исполнета со предизвици. Пред нас е нова година во која фокусирано продолжуваме со работа заради исполнување на нашата цел, која како јавно претпријатие кое е формирано да биде сервис на граѓаните, е подобрување на организацијата на сообраќајот во мирување а со тоа и на целокупниот квалитет на живот на граѓаните на главниот град.

На Вас останува да ја следите нашата работа и да ни укажувате на Вашите потреби и проблеми. Успехот е заеднички.

Искажуваме благодарност и до нашиот Основач- Град Скопје кој во секој чекор не следи и подржува.

Овој период, кога завршува една и започнува нова календарска година, пракса е да се резимира работата од изминатата година и да се забележат клучните настани кои ја одбележале поминатата година. Преку овој Извештај за работењето, со помош на сите сектори и вешта методологија, Ви ја претставуваме нашата работа.

# СОДРЖИНА

1. Вовед
   1.1 Општи податоци
   1.2 Дејност
   1.3 Организациска поставеност
2. Вработени
3. Состојба со паркинг површини и број на паркинг места
   3.1. Осврт на промените во бројот на паркинг места и површини, од 2022 до 2025 година
4. Сектор Пајак
5. Финансиски Извештаи
   Биланс на успех
   5.1. Приходи
      Приходи од Сектор Јавни паркиралишта
      Приходи од „затворени" јавни паркиралишта
      Приходи од зонско паркирање
      Приходи од катни гаражи
      Приходи од Сектор Пајак
      Останати приходи
      Финансиски приходи
   5.2. Расходи
      Трошоци за суровини и материјали
      Трошоци за услуги
      Плата, надоместоци од плата и други трошоци
      Амортизација
      Останати трошоци на работење
      Вредносно усогласување на нетековни и тековни средства
      Останати расходи
      Финансиски расходи
   5.3. Биланс на состојба
      Основни средства со состојба 31 декември 2025 година
      Залихи
      Парични средства и побарувања
      Активни временски разграничувања
      Обврски
      Одложени пресметани приходи и расходи
6. Заклучок

# 1. ВОВЕД

Годишниот извештај за работењето на ЈП Градски паркинг- Скопје за 2025 година претставува преглед на реализираните активности, финансиски резултати и стратешки насоки во управувањето со стационарниот сообраќај во главниот град.

Во текот на 2025 година, примарен фокус на јавното претпријатие беше ставен на зголемување на ефикасноста на постоечките капацитети и подигнување на стандардите на услугите за корисниците. Деловната година помина без проширување на опфатот на зонското паркирање со нови зони или нови јавни паркиралишта, претпријатието се посвети на внатрешна оптимизација.

Клучни столбови во работењето на јавното претпријатие во рамки 2025 година беа:

- ✓ Технолошка модернизација: унапредување на софтверските решенија за наплата и контрола на паркирањето, со цел побрза и полесна услуга за граѓаните;
- ✓ Финансиска одржливост: одржување на стабилен приход преку зајакната контрола и подобрена наплата на постоечките јавни паркиралишта и површини наменети за паркирање;
- ✓ Комунален ред: активно делување на Сектор Пајак при преместување и отстранување возила во насока на ослободување на јавните површини од непрописно паркирани или хаварисани возила и зголемување на безбедноста во сообраќајот;
- ✓ Социјална инклузивност: континуирано олеснување на пристапот до паркинг услугите за ранливите категории граѓани и лицата со попреченост.

Овој извештај потврдува дека ЈП Градски паркинг- Скопје останува посветен на својата мисија– да обезбеди организиран, модерен и достапен систем за паркирање кој директно ќе придонесе да се подобри квалитетот на живеење во главниот град.

**Еколошка одговорност и заштита на животната средина**

Во 2025 година, ЈП Градски паркинг- Скопје ја потврди својата стратешка определба за заштита на животната средина преку неколку иницијативи. Наша мисија не е само менаџирање на паркинг местата, туку и активно учество во борбата против загадување во главниот град.

- ✓ Се работеше на презентација и едукација на корисниците за користење на мобилна апликација и QR-кодови за наплата со што се влијае на намалена употреба на хартиени билети и фискални сметки и директно се придонесува на намалување на отпадот.
- ✓ Се посветивме на припрема на веб апликацијата *moj.parking.mk* за аплицирање, издавање на дозволи за паркирање со можност за плаќање за услугата преку истата.
- ✓ Ослободување на пешачки зони: преку ефикасната работа на Сектор Пајак, ослободени се бројни тротоари и зелени површини, им се врати просторот на пешаците и се придонесе за поголема безбедност и поубав лик на градот.

## 1.1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот: | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта Градски Паркинг- Скопје |
| Скратен назив: | ЈП Градски Паркинг- Скопје |
| Седиште на субјектот: | ул. „Македонија" број 11а |
| ЕДБ на субјектот: | МК 4030003493220 |
| Идентификационен број: | 5808855 |

Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Градски Паркинг- Скопје е основано со Одлука на Совет на Град Скопје број 09-3080/1 од 20.10.2003 година. Во Трговски регистар при Основен Суд Скопје 1 во Скопје е запишани под трговски број 4500/03 од 13.11.2003 година.

Основач и сопственик на ЈП Градски Паркинг- Скопје е Град Скопје со седиште на бул. „Илинден" број 82. Јавното претпријатие ги има сите права и обврски кои произлегуваат од Закон и другите прописи.

Согласно потребата од усогласување со законските прописи, со цел да се овозможи поефикасно, поекономично работење и понатамошно опстојување на Претпријатието, Управниот Одбор на седница одржана на ден 07.07.2006 година со Одлука број 02-592/2 го донесе Статут на јавното претпријатие.

Статутот на ЈП Градски Паркинг- Скопје поблиску ја уредува организацијата и начинот на вршење на дејноста, управувањето и раководењето, општите акти и постапката за нивно носење како и други прашања од значење за вршење на дејноста и работата.

## *1.2 ДЕЈНОСТ*

Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Градски Паркинг– Скопје е правно лице кое врши дејност од јавен интерес од областа на сообраќајот како стопанска дејност од јавен интерес за градот Скопје.

Претежна дејност на Претпријатието е под шифра:

**52.210** Услужни дејности поврзани со копнениот транспорт

Покрај претежната дејност, Претпријатието врши и други дејности:

**96.100** Перење и чистење на текстилни и крзнени производи

**96.990** Останати лични услужни дејности неспомнати на друго место

**82.990** Останати деловно- помошни дејности неспомнати на друго место

**68.200** Изнајмување и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот под закуп (лизинг)

**95.310** Поправка и одржување моторни возила

Претпријатието обавува и други дејности во согласност со Закон.

ЈП Градски Паркинг– Скопје во правниот промет и односите со трети лица настапува во свое име и за своја сметка, единствено во рамки на дејноста која е запишана во регистарот. Овластено лице кое го застапува претпријатието е Директор. За обврските кон трети лица, превземени во свое име и за своја сметка, Претпријатието одговара со целиот свој имот.

Средства за вршење на дејноста се обезбедуваат од:

- Сопствени приходи кои ги остварува јавното претпријатие и
- Буџет на Град Скопје, (преку субвенции и договори кои Основачот- Град Скопје му ги доделува на јавното претпријатие)

Своето работење и развој, Претпријатието го темели врз Програмата на инвестиции за која согласност дава Совет на Град Скопје.

Платниот промет го извршува преку повеќе банки, со следните жиро сметки:

- 300000001800259 Комерцијална Банка
- 300000002923422 Комерцијална Банка
- 300000002923519 Комерцијална Банка
- 300000002923616 Комерцијална Банка
- 300000002923713 Комерцијална Банка
- 300000004892134 Комерцијална Банка
- 210058088550178 НЛБ Банка
- 280108101592254 Силк Роуд Банка
- 320100002538006 Централна Кооперативна Банка
- 500000001412638 Стопанска Банка Битола
- 270058088550185 Халк Банка
- 270058088550282 Халк Банка

## *1.3 ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ*

Претпријатието дејствува во рамки на организациони единици, според однапред определен План и Програма на работа.

Во текот на 2025 година е извршена измена на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работни места- избришан е Сектор канцеларија на директор. Измената е направена поради нефункционалност на секторот.

Дејноста на Претпријатието е организирана во рамки на Сектори:

- Сектор Јавни паркиралишта,
- Сектор Пајак,
- Сектор за финансии и сметководствени работи ,
- Сектор за правно административни и општи работи и
- Сектор за комерција и маркетинг.

Надвор од секторите функционираат самостојни одделенија:

- Одделение за внатрешна ревизија и контрола,
- Одделение за човечки ресурси и
- Одделение за јавни набавки.




Внатрешната организациска поставеност на Претпријатието подетално се уредува со акт „Правилник за организација на Претпријатието".

Органи на управување на Претпријатието се:

- Управен Одбор,
- Надзорен Одбор за контрола на материјално- финансиското работење и
- Директор.

**Управен Одбор** е орган на управување на Претпријатието кој го именува Совет на Град Скопје со Решение за именување членови на Управен Одбор. Мандатот на членовите на Управниот Одбор не може да биде подолг од 4 (четири) години. Управниот Одбор во ЈП Градски Паркинг- Скопје во 2025 година брои 9 (девет) члена. Претседател на Одборот се одбира помеѓу членовите, на седница. Претседателот на Управниот Одбор ги свикува и раководи со седниците, ги потпишува актите, се грижи за спроведување на актите, врши и други работи утврдени со Деловникот за работа на Управниот Одбор. Одговорноста на Управниот Одбор се утврдува согласно одредбите од Законот за јавни претпријатија и Законот за трговски друштва кои се однесуваат на органите на управување.

Членови во состав на Управен Одбор на Претпријатието во рамки на 2025 година се именувани согласно Одлука за именување членови на Управниот Одбор на ЈП Градски Паркинг- Скопје од 29.12.2021 година:

1. Игор Кралевски- Претседател
2. Татјана Петрушевска
3. Антонио Тошев
4. Александар Шулев
5. Зоран Стојановски
6. Марјан Спасески
7. Мими Шулева Петков
8. Арбеса Абази
9. Армине Мемеши

**Надзорен Одбор** за контрола на материјално- финансиско работење е орган кој врши контрола на материјалното и финансиско работење на Претпријатието. Го именува односно, разрешува Совет на Град Скопје со Решение за именување односно, разрешување членови на Надзорен Одбор. Времетраењето на мандатот на членовите не може да биде подолг од 4 (четири) години. Надзорниот Одбор за материјално- финансиска контрола во ЈП Градски Паркинг- Скопје брои 5 (пет) члена од кои еден се избира за Претседател. Одговорноста на членовите на Надзорниот Одбор се утврдува согласно одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесуваат на органите на управување. Надзорниот Одбор задолжително се состанува најмалку 4 (четири) пати во годината. За резултатите од извршените контроли, Надзорниот Одбор го известува Управниот Одбор, Советот на Град Скопје, Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски, како надлежно Министерство.

Со Одлука на Совет на Град Скопје, донесена на ден 29.12.2021 година за членови во состав на Надзорниот Одбор на Претпријатието, именувани се:

1. Соња Ѓелевска Шетловска- Претседател
2. Ирена Тодоровска
3. Анета Анетевска Јордановска
4. Стрезо Јовановски
5. Зулфи Шакири

**Директор** е орган на раководење на Претпријатието кој го именува односно, разрешува Градоначалник на Град Скопје врз основа на Јавен оглас. Мандатот на Директор трае 4 (четири) години. Правата и должностите на Директор на Претпријатието поблиску се дефинирани во Статутот на Јавното претпријатие. За резултатите од своето работење, Директорот е одговорен пред Градоначалник на Град Скопје. Одговорноста на Директорот се утврдува согласно одредбите од Законот за јавни претпријатија и Законот за трговски друштва кои се однесуваат на органите на управување. Директорот може да определи вработен во Претпријатието кој би го заменувал во негово отсуство или спреченост при вршење на функцијата, со права и обврски за кои ќе го овласти Директорот, согласно Закон и Статут на Јавното претпријатие.

Во текот на 2025 година, заклучно со 2 декември в.д Директор на претпријатието е Мартин Гаврилски.

На 27 ноември 2025 година, со Решение за именување вршител на должност- Директор, со важност од 3 декември 2025 година, Градоначалникот на Град Скопје го назначи м-р. Владимир Кроневски[1].

[1] Решение за именување Директор со арх.бр. 08-12831/1 од 27.11.2025 година.

# 2. ВРАБОТЕНИ

Најголем капитал на претпријатието се неговите вработени, кои со својата професионалност овозможуваат непречено функционирање во текот на цела година.

Бројот на вработени на ден 31.12.2025 година, согласно кадровската евиденција, изнесува 256 (двесте педесет и шест) лица. Од нив 243 (двесте четириесет и три) се редовно вработени со Договор на неопределено време и 13 (тринаесет) времено вработени лица со Договор на определено време.

Најголем дел од вработените се ангажирани во Сектор Јавни паркиралишта, вкупно 171 (сто седумдесет и едно) лице. Сектор Пајак во текот на 2025 година функционираше со вкупно 32 (триесет и двајца) вработени; Секторот за правни и општи работи со 7 (седум) вработени лица; Сектор за финансии работеше со 9 (девет) вработени, Одделението за јавни набавки има 1 (едно) ангажирано лице и Сектор за комерција и маркетинг ги спроведуваше своите работни обврски со 12 (дванаесет) вработени.

Во Кабинет на Директор се вработени вкупно 5 (пет) лица со Договор на неопределено време. Одделението за внатрешна контрола и ревизија во текот на 2025 година обврските ги извршуваше со вкупно 5 (пет) вработени и Одделението за човечки ресурси функционираше со 1 (еден) вработен.

## *ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ВРАБОТЕНИ ПО СЕКТОРИ И ОДДЕЛЕНИЈА*

| *СЕКТОР/ ОДДЕЛЕНИЕ* | *ДОГОВОР НА НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ* | | *АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ДОГОВОР НА ОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ* | |
|---|---|---|---|---|
| | **2024** | **2025** | **2024** | **2025** |
| Кабинет на Директор | 5 | 5 | / | / |
| Сектор Канцеларија на Директор | 1 | / | / | / |
| Одделение за внатрешна контрола и ревизија | 5 | 5 | / | / |
| Одделение за човечки ресурси | 1 | 1 | / | 1 |
| Одделение за јавни набавки | 1 | 1 | / | / |
| Сектор Јавни паркиралишта | 2 | 2 | / | / |
| Одделение Јавни паркиралишта | 127 | 131 | 3 | 9 |
| Одделение за односи со корисници | 27 | 24 | / | 2 |
| Одделение за катни гаражи | 4 | 5 | / | / |
| Одделение за одржување и изнајмување | 9 | 9 | / | / |
| Сектор Пајак | 36 | 32 | / | / |
| Сектор за правни и општи работи | 7 | 7 | / | 1 |
| Сектор за финансии | 10 | 9 | / | / |
| Сектор комерција и маркетинг | 11 | 12 | / | / |
| *ВКУПНО:* | **246** | **243** | **3** | **13** |
| *СЕВКУПНО* за 2025 година: | **256** | | | |

Следуваат податоци за етничката и образовна структура на вработените, прикажана табеларно и графички.

## 2.2.1. ЕТНИЧКА СТРУКТУРА

| ГОДИНА | МАКЕДОНЦИ | АЛБАНЦИ | РОМИ | СРБИ | БОШЊАЦИ | ВЛАСИ | ХРВАТИ | ТУРЦИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **2025** | 186 | 44 | 1 | 5 | 3 | 2 | 1 | 1 |




## 2.2.2. ОБРАЗОВНА/ КВАЛИФИКАЦИСКА СТРУКТУРА

| ОБРАЗОВАНИЕ | ОСНОВНО | СРЕДНО | ВИСОКО | ВКУПНО: |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **2025** | 33 | 174 | 36 | **243** |



## БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ПО ГОДИНИ

| *СОСТОЈБА НА ДЕН* | *ДОГОВОР НА НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ* | *АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ДОГОВОР НА ОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ* | *ВКУПНО:* |
|---|---|---|---|
| Состојба на 31.12.2021 година | 269 | 30 | **299** |
| Состојба на 31.12.2022 година | 244 | 38 | **282** |
| Состојба на 31.12.2023 година | 248 | 29 | **277** |
| Состојба на 31.12.2024 година | 246 | 3 | **249** |
| Состојба на 31.12.2025 година | 243 | 13 | **256** |

Во изминатите години беа отворени нови паркинг места и зони што истовремено ја зголемува потребата од поголем број на ангажиран кадар. Спротивно на тоа, Јавното претпријатие се соочува со тренд на намалување на бројот на вработени и недостиг на високо образуван технички кадар како што се: возачи на специјални возила Пајак, асистенити на специјалните возила, контролори на јавни површини наменети за паркирање, наплатувачи на „затворени" јавни паркиралишта, ИТ инженери, сообраќајни и машински инженери, вработени во кол центар и одделението за грижа на корисници. Заради согледаната ситуација на јавните паркиралишта Кочо Рацин, Народен Фронт и АМСМ се поставија паркомати со што се автоматизираше целокупното работење без присуство на вработен кадар. Вработениот кадар кој што беше потребен за овие јавни паркиралишта се употреби за задоволување на потребите на останатите паркиралишта.

# 3. СОСТОЈБА СО ПАРКИНГ ПОВРШИНИ И БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА

Во делот на организирање на сообраќајот во мирување и оспособување паркинг места во рамки на градот Скопје, Јавното Претпријатие за јавни паркиралишта Градски паркинг- Скопје заклучно месец Декември 2025 година за потребите на градот има ставено во употреба **11 404 паркинг места**:

- **1983**_паркинг места на затворените јавни паркиралишта, каде начинот на работа е организиран со помош на паркинг систем кој употребува електронска наплатна рампа при контрола на влезно- излезните партии,
- **8371** паркинг места на јавните површини наменети за паркирање, каде паркирањето е зонски организирано, и
- **1050** паркинг места се ставени во употреба на начин каде уредувањето и организирањето на сообраќајот во мирување е изведено преку- паркирање во катна гаража.

*ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ*



## 3.1. ОСВРТ НА ПРОМЕНИТЕ ВО БРОЈОТ НА ПАРКИНГ МЕСТА И ПОВРШИНИ, ОД 2022 ДО 2025 ГОДИНА

Во текот на **2025 година**, во делот на оспособување нови паркинг места и површини, претпријатието не отвори нови јавни паркиралишта или површини наменети за паркирање на кои се применува зонско паркирање. Фокусот беше ставен на ефикасно управување со постоечките капацитети и стабилизација на постоечката мрежа што овозможи зголемена наплата и намалени трошоци за одржување. Предизвиците од урбаниот развој беа адресирани преку **подготовки** за идни/понатамошни проширувања.

Во оваа смисла, се работеше на уредување на потребната документација во неколку фази како би ја припремиле јавната површина наменета за паркирање, подзона Д12. Јавното претпријатие изработи сообраќајно- техничка документација со која се утврдува стационарниот режим на сообраќај, обезбеди Ревизија и Извештај од извршената ревизија поради воведување зонско паркирање на јавната површина наменета за паркирање-локалитет Реонски Центар У.Е.А, дел од новопланирана сервисна улица 3 и дел од новопланирана сервисна улица 2 во Општина Аеродром. Во рамки на 2025, Град Скопје врз основа на добиена Согласност од Министерство за внатрешни работи на јавното претпријатие му издаде Решение за утврдување стационарен режим на сообраќај за зона Д, подзона Д12. Се постави хоризонтална и вертикална сигнализација (се поставија информативни табли и сообраќајни знаци, беа обележани 1334 паркинг местата), се спроведе теренска проверка на адресите кои гравитираат кон подзоната.

Во тек е обука на вработените со што ќе се надогради/надополни нивното познавање а заради имплементирање на новиот систем со кој корисниците ќе можат да ги поднесуваат барањата по електронски пат. Предвидедна е комплетна дигитализација на услугите во комуникација со корисниците- автоматизирано управување и интеракција во реално време со што ќе се намали потребното времето за кое граѓаните ќе можат да ја користат услугата.

Во текот на 2025 година, месец октомври, со цел проширување на јавните површини наменети за паркирање на кои се спроведува зонско паркирање на територија на Општина Карпош, издаден е налог за изработка на сообраќаен проект во делот на урбана заедница Економија (Министерство за економија).

Исто во рамки на 2025 година, месец август, од страна на Општина Гази Баба добиено е Барање за воведување на зонско паркирање односно, уредување на стационарниот сообраќај на територија на Општина Гази Баба, Населба Автокоманда. Доставен е Налог за изработка на сообраќаен проект и за оваа јавна површина.

Во делот на „затворените" јавни паркиралишта (каде влегуваат и катните гаражи), во текот на 2025 година, на катната гаража „26 Јули" се спроведе надградба на влезно- излезните терминали со подобрена верзија на читачи на регистарски ознаки (камери). Со ова модернизирање на системот, најдиректно се влијаеше на зголемување на фреквенцијата/ искористеноста на постоечките паркинг места, подобрување на протокот на возила и целосна контрола и мониторинг на влезно- излезните партии.

Бројот на паркинг места кои Претпријатието ги уредува и организира за работа, ставајќи ги во употреба за потребите на главниот град, е **променлив**. Намалувањето на бројот на паркинг површини и паркинг места не зависи од работењето на јавното претпријатие. Сообраќајните проекти за кои Град Скопје има доделено Решение за утврдување режим на сообраќај се од времен карактер. Оттука, паркиралиштата кои му се доделени за стопанисување на јавното претпријатие се со определен рок/ време. При спроведување или менување на урбанистичките планови (ДУП односно, ГУП) се менува и организацијата на сообраќајот во мирување или стационарниот сообраќај, при што се менува и бројот на паркинг површини и паркинг места во градот.

Во оваа смисла, во рамки на 2025 е подзона Ц9 која се простираше на територија на Општина Центар, во реонот на Дебар Маало, и со која јавното претпријатие престана да стопанисува.

## ПАРКИНГ МЕСТА СО КОИ РАСПОЛАГА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВО 2025 ГОДИНА

### 1. Јавни паркиралишта

Кај јавните паркиралишта имаме три степени на ограничување:

- Во првиот степен на ограничување, јавното претпријатие нема организирано паркирање.
- Во вториот степен на ограничување влегуваат јавните паркиралишта Кочо Рацин, Градска Болница и Зоил со вкупно 411 паркинг места. Цената на услугата од час е 40 денари, месечна претплата 3.000 денари и годишната претплата изнесува 30.000 денари.
- Во третиот степен на ограничување влегуваат јавните паркиралишта Тутунски Комбинат, Треска, АМСМ, Дом на печат, Народен Фронт, 8 Септември и Клинички Центар

Мајка Тереза со вкупно 1572 паркинг места. Цената на услугата од час е 30 денари, месечна претплата 2.000 денари и годишната претплата изнесува 20.000 денари.

Вкупен број на паркинг места со кои располага јавното претпријатие на „затворените“ јавни паркиралишта во 2025 година изнесува 1983.

**2. Катни гаражи**

Јавното претпријатие стопанисува со две катни гаражи „Беко“ и „26 Јули“ кои располагаат со 1050 паркинг места. Цената на услугата од час е 30 денари, месечната претплата изнесува 2.000 денари и годишната претплата е 20.000 денари.

**3. Јавни површини наменети за паркирање**

- Во првата, нулта портокалова зона имаме четири подзони: А0, А01, А05 и А06 со вкупно 349 паркинг места. На оваа зона нема временско ограничување при паркирањето, цената на услугата изнесува 75 денари за првиот час паркирање и 50 денари за секој нареден час.
- Втората, црвена А зона, има три подзони: А3, А4 и А8 со вкупно 289 паркинг места. Оваа зона е со временско ограничување од два часа при паркирањето, цената на услугата изнесува 40 денари.
- Третата, жолта Б зона, има пет подзони: Б2, Б3, Б6, Б7 и Б10 и располага со 233 паркинг места. Зоната е со временско ограничување од четири часа при паркирањето, цената на услугата изнесува 30 денари.
- Четвртата, зелена Ц зона, има десет подзони: Ц8, Ц15, Ц17, Ц19, Ц33, Ц35, Ц45, Ц46, Ц80 и Ц81 и располага со 1140 паркинг места. Ц зоната е без временско ограничување при паркирањето и цената на услугата изнесува 25 денари од час.
- И петата, бела Д зона има тринаесет подзони: Д1, Д2, Д3, Д4, Д5, Д6, Д7, Д8, Д9, Д12, Д40, Д42 и Д62 со вкупно 6709 паркинг места. И оваа зона е без временско ограничување при паркирањето а цената на услугата изнесува 25 денари од час.

Вкупен број на паркинг места со кои располага јавното претпријатие кај јавните површини наменети за паркирање во 2025 година изнесува 8371.

Во периодот кој следи, во однос на **проширување на јавните површини** наменети за организиран сообраќај во мирување или стационарен сообраќај и низ останатите општини на градот, во план е да се воведе зонско паркирање:

✓ Во Општина Карпош: во рамки на Карпош 3 (предвидена подзона Д41), реонот кај Млечен Ресторан (предвидена подзона Д43), реон Министерство за Економија (предвидена подзона Д44), Козле- Урбана заедница Кузман Јосифовски Питу (предвидена подзона Д45), Карпош 4 (предвидена подзона Д46) и Порта Влае (предвидена подзона Д47);

✓ Во Општина Аеродром предвидено е проширување: во населено место Мичурин (планирана подзона Д10), и во рамки на Населба Ново Лисиче (предвидена подзона Д11);

✓ Во склоп на Општина Гази Баба предвидено е да се уредат јавни површини наменети за паркирање во Населба Автокоманда (предвидена подзона Д20) и

✓ Во Општина Кисела Вода (предвидени подзони од Д30 до Д39) за што се направени неколку работни состаноци со стручните служби на општината.

# 4. СЕКТОР ПАЈАК

Со цел поефикасно да делува при остварување на својата основна дејност- уредување на сообраќајот во мирување, ова јавно претпријатие покрај оспособување и уредување паркинг места и површини во градот, својата работа ја организира и во делот на отстранување неправилно запрени и паркирани возила, изложени на јавни сообраќајни и зелени површини каде оневозможуваат непречено одвивање на сообраќајот за пешаци, велосипедисти, лица со попреченост, возила итн. Дислоцирањето на овие возила јавното претпријатие го спроведува со помош на работењето и заложбите на овој сектор и специјалните возила Пајак.

Својата основна цел и дејност овој сектор ја исполнува во соработка со сообраќајна полиција, комуналните инспектори на Град Скопје и останатите општини на територија на Град Скопје, овозможувајќи полесен проток на сообраќајот.

Во соработка со Инспекторат на Град Скопје, во согласност со Закон за управување со дополнителни текови на отпад, во 2025 година јавното претпријатие спроведе акција за отстранување хаварисани возила лоцирани во депо на Сектор Пајак. Во депото на овој сектор, долг временски период се одложуваа хаварисани возила за кои претходно беа спроведени акции за нивно отстранување од јавните површини на територија на градот Скопје и од јавните површини наменети за паркирање со кои стопанисува јавното претпријатие. Врз основа на законските регулативи и акти на јавното претпријатие, се склучи Договор со колективен постапувач и се спроведе „чистење" на отпадните возила од депото на Сектор Пајак.

Во текот на 2025 година, јавното претпријатие работеше и на акционен план за отстранување на околу 100 возила кои узурпираат јавни површини на територија на градот Скопје како и на јавните паркиралишта и површини. На овој начин се ослободи јавен простор кој со децении е узурпиран од возила кои не се во возна состојба.

## ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА СПЕЦИЈАЛНИТЕ ВОЗИЛА ВО СОПСТВЕНОСТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ

| РЕД. БР. | ТИП НА ВОЗИЛО | МАРКА НА ВОЗИЛО | РЕГИСТАРСКА ОЗНАКА | ВОЛУМЕН $sm^3$ | СНАГА KW | ГОДИНА НА ПРОИЗВОДСТВО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | 2 | 3 | 4 | | 5 |
| | | | | | | |
| 1 | Специјално возило Пајак | Ивеко Еуро карго ML 120 EL22 | SK 4027 AD | 5880 | 160 | 2013 |
| 2 | Специјално возило Пајак | Ивеко Еуро карго ML 120 EL22 | SK 4037 AD | 5880 | 160 | 2013 |
| 3 | Специјално возило Пајак | Мерцедес бенз Атего 1222 | SK 3047 BK | 4800 | 160 | 2017 |
| 4 | Специјално возило Пајак | Мерцедес бенз Атего 1222 | SK 3048 BK | 4800 | 160 | 2017 |
| 5 | Специјално возило Пајак | Мерцедес бенз Атего 1221 | SK 4026 AR | 5123 | 155 | 2018 |
| 6 | Специјално возило Пајак | Ивеко Еуро карго ML 120 EL22 | SK 7639 AU | 5880 | 160 | 2019 |
| 7 | Специјално возило Пајак | Ивеко Еуро карго ML 120 EL22 | SK 7641 AU | 5880 | 160 | 2019 |
| 8 | Возило за чистење | ДУЛЕВО 850 мини | SK 6401 AE | 1490 | 24,2 | 2017 |
| 9 | Шлеп возило | Мерцедес-бенз-Атего 918 | SK 4027 AR | 5123 | 130 | 2018 |
| 10 | Кипер Возило | Ивеко DAILY 50C15D | SK 7640 AU | 5880 | 160 | 2019 |
| 11 | Машина за чистење снег | Мулти Оне 7.3C | SK 1641 AV | 3000 | 26 | 2020 |

Секојдневните активности и совесното работење на Сектор Пајак во голема мерка придонесуваат да се зголеми безбедноста на сообраќајот во мирување на јавните површини на територија на главниот град. Овој сектор е постојано спремен да обезбеди непречени услови за одвивање на сообраќајот.

Бројот на непрописно паркирани возила, подигнати и отстранети од страна на Сектор Пајак во 2025 година е помал во однос на возилата отстранети 2024 година. Во прилогот Финансиски извештаи дадено е објаснување и истото е табеларно претставено.

Следуваат Финансиските извештаи кон Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Градски паркинг- Скопје.

ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ ул. „Македонија" бр. 11А

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА ШТО ЗАВРШУВА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА

*ПРИЛОГ 1 КОН ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ*

ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ
Скопје, март 2026 година

# 5.1 БИЛАНС НА УСПЕХ

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈАНУАРИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА

| | ПРИХОДИ кл.7 | 2025 ГОДИНА | 2024 ГОДИНА |
|---|---|---|---|
| РЕД.БР. | 1 | 2 | 3 |
| 1. | ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА | 287.092.710,00 | 269,920,840.00 |
| 2. | ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК | 24.618.459,00 | 27,468,477.00 |
| 3. | ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА РАСХОД | 7.040,00 | 0.00 |
| 4. | ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 2.569.142,00 | 2,056,196.00 |
| 5. | ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ | 64.309,00 | 7,138.00 |
| | **ВКУПНО ПРИХОДИ:** | **314.351.660,00** | **299,452,651.00** |

| | РАСХОДИ кл.4 | 2025 ГОДИНА | 2024 ГОДИНА |
|---|---|---|---|
| РЕД.БР. | 1 | 2 | 3 |
| 1. | ТРОШОЦИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ | 12.830.970,00 | 13,908,307.00 |
| 2. | ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ | 55,878,969.00 | 50,027,568.00 |
| 3. | ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ | 182,128,210.00 | 180,918,888.00 |
| 4. | ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА | 10,778,206.00 | 10,858,612.00 |
| 5. | ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ | 10,992,149.00 | 9,755,635.00 |
| 6. | ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА | 486,305.00 | 230,020.00 |
| 7. | ОСТАНАТИ РАСХОДИ | 459,008.00 | 218,559.00 |
| 8. | ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ | 417,420.00 | 37,819.00 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **273,971,237.00** | **265,955,408.00** |

## ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

| ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ | 2025 ГОДИНА | ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ | 2024ГОДИНА |
|---|---|---|---|
| ВКУПНО ПРИХОДИ | 314,351,660.00 | ВКУПНО ПРИХОДИ | 299,452,651.00 |
| ВКУПНО РАСХОДИ | 273,971,237.00 | ВКУПНО РАСХОДИ | 265,955,408.00 |
| ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВЊЕ | 40,380,423.00 | ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВЊЕ | 33,497,243.00 |
| ДАНОК НА ДОБИВКА | -4,129,905.00 | ДАНОК НА ДОБИВКА | -3,482,135.00 |
| ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ | **36,250,518.00** | ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ | **30,015,108.00** |

# ПРИХОДИ

Вкупните приходи на ЈП Градски Паркинг- Скопје за период од 01 Јануари до 31 Декември 2025 година изнесуваат **314,351,660.00** денари.

Споредено со минатата 2024 година, **приходите на претпријатието се зголемени** за 14.899.009,00 денари или за околу 5% ако се земе предвид дека минатата година приходите изнесувале 299.452.651,00 денари.

| | 2025 *ГОДИНА* | 2024 *ГОДИНА* | *ВИДОВИ НА ПРИХОДИ* |
|---|---|---|---|
| *1.1.* | 287.092.710,00 | 269.920.840,00 | *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА* |
| *1.2.* | 24.618.459,00 | 27.468.478,00 | *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК* |
| *1.3.* | 2.576.182,00 | 2.056.196,00 | *ОСТАНАТИ ПРИХОДИ* |
| *1.4.* | 64.309,00 | 7.138,00 | *ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ* |
| | **314.351.660,00** | **299.452.651,00** | ***ВКУПНО ПРИХОДИ*** |

## ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА

Во текот на 2025 година Сектор Јавни паркиралишта остварува приход по основ давање услуга- паркирање на износ 287.092.710,00 денари.

Во споредба со истиот период минатата година, приходот од оваа дејност која ја остварува претпријатието, давање услуга- паркирање, е **повисок** за 17.171.870,00 денари.

Во рамките на Сектор Јавни паркиралишта, најголем пораст бележи приходот од зонско паркирање, потоа следат приходите од затворени јавни паркиралишта и на крај, приходот од катна гаража „Беко“.

Приходите од катна гаража „26 Јули“ бележат извесно намалување во однос на минатата година.

# ПРИХОДИ ОД „ЗАТВОРЕНИ" ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА

Во текот на 2025 година кај „затворените" јавни паркиралишта бележиме повисок остварен приход од дневен промет на износ од 958.882,00 денари споредено со истиот период 2024 година.

Во прилог даваме табеларен преглед на остварени приходи од „затворени" јавни паркиралишта, одделно по паркиралишта, споредено 2025 со 2024 година.

***ТАБЕЛА 1- ОСТВАРЕН ПРИХОД ОД ДНЕВЕН ПРОМЕТ НА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА***

| РЕД. БР. | ЈАВНО ПАРКИРАЛИШТЕ | 2025 | 2024 | + / - | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ЗОИЛ | 2.038.684,00 | 1.988.815,00 | 49.869,00 | 1,03 |
| 2 | ТРЕСКА | 6.562.259,00 | 6.367.510,00 | 194.749,00 | 1,03 |
| 3 | КОЧО РАЦИН | 1.700.067,00 | 1.962.302,00 | -262.235,00 | 0,87 |
| 4 | ГРАДСКА БОЛНИЦА | 7.646.540,00 | 7.014.759,00 | 631.781,00 | 1,09 |
| 5 | ДОМ НА ПЕЧАТ | 5.639.863,00 | 5.611.921,00 | 27.942,00 | 1,00 |
| 6 | АМСМ | 2.972.879,00 | 2.382.741,00 | 590.138,00 | 1,25 |
| 7 | ТУТУНСКИ КОМБИНАТ | 1.048.425,00 | 1.004.592,00 | 43.833,00 | 1,04 |
| 8 | НАРОДЕН ФРОНТ | 1.189.190,00 | 1.241.584,00 | -52.394,00 | 0,96 |
| 9 | 8 СЕПТЕМВРИ | 2.174.271,00 | 1.979.169,00 | 195.102,00 | 1,10 |
| 10 | КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР | 37.933.706,00 | 38.393.609,00 | -459.903,00 | 0,99 |
| | **ВКУПНО:** | **68.905.884,00** | **67.947.002,00** | **958.882,00** | **1,01** |

***ТАБЕЛА 2- ОСТВАРЕН ПРИХОД ОД ПРЕТПЛАТИ НА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА***

| РЕД. БР. | ЈАВНО ПАРКИРАЛИШТЕ | 2025 | 2024 | + / - | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ЗОИЛ | 1.470.699,00 | 1.415.455,00 | 55.244,00 | 1,04 |
| 2 | ТРЕСКА | 555.399,00 | 417.064,00 | 138.335,00 | 1,33 |
| 3 | КОЧО РАЦИН | 615.927,00 | 505.731,00 | 110.196,00 | 1,22 |
| 4 | ГРАДСКА БОЛНИЦА | 851.425,00 | 724.024,00 | 127.401,00 | 1,18 |
| 5 | ДОМ НА ПЕЧАТ | 2.056.915,00 | 2.072.750,00 | -15.835,00 | 0,99 |
| 6 | АМСМ | 1.172.325,00 | 1.078.273,00 | 94.052,00 | 1,09 |
| 7 | ТУТУНСКИ КОМБИНАТ | 1.821.858,00 | 1.197.097,00 | 624.761,00 | 1,52 |
| 8 | НАРОДЕН ФРОНТ | 348.609,00 | 149.912,00 | 198.697,00 | 2,33 |
| 9 | КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР | 9.130.851,00 | 9.108.708,00 | 22.143,00 | 1,00 |
| 10 | 8-МИ СЕПТЕМВРИ | 37.500,00 | 37.500,00 | 0,00 | 1,00 |
| 11 | ОПШТО ПАРКИРАЛИШТА | 3.789.595,00 | 4.085.655,00 | -296.060,00 | 0,93 |
| 12 | ТРАНЗИТ | 16.504,00 | 8.958,00 | 7.546,00 | 1,84 |
| 13 | ЧЛЕН 12 | 145.590,00 | 112.234,00 | 33.356,00 | 1,30 |
| | **ВКУПНО:** | **22.013.197,00** | **20.913.361,00** | **1.099.836,00** | **1,05** |

***ТАБЕЛА 3- ОСТВАРЕН ПРИХОД ОД ДНЕВЕН ПРОМЕТ И ПРЕТПЛАТИ НА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА***

| РЕД. БР. | ЈАВНО ПАРКИРАЛИШТЕ | 2025 | 2024 | + / - | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | *ЗОИЛ* | 3.509.383,00 | 3.404.270,00 | 105.113,00 | 1,03 |
| 2 | *ТРЕСКА* | 7.117.658,00 | 6.784.574,00 | 333.084,00 | 1,05 |
| 3 | *КОЧО РАЦИН* | 2.315.994,00 | 2.468.033,00 | -152.039,00 | 0,94 |
| 4 | *ГРАДСКА БОЛНИЦА* | 8.497.965,00 | 7.738.783,00 | 759.182,00 | 1,10 |
| 5 | *ДОМ НА ПЕЧАТ* | 7.696,778,00 | 7.684.671,00 | 12.107,00 | 1,00 |
| 6 | *АМСМ* | 4.145.204,00 | 3.461.014,00 | 684.190,00 | 1,20 |
| 7 | *ТУТУНСКИ КОМБИНАТ* | 2.870.283,00 | 2.201.689,00 | 668.594,00 | 1,30 |
| 8 | *НАРОДЕН ФРОНТ* | 1.537.799,00 | 1.391.496,00 | 146.303,00 | 1,11 |
| 9 | *8 СЕПТЕМВРИ* | 2.211.771,00 | 2.016.669,00 | 195.102,00 | 1,10 |
| 10 | *КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР* | 47.064.557,00 | 47.502.317,00 | -437.760,00 | 0,99 |
| 11 | *ОПШТО ПАРКИРАЛИШТА* | 3.789.595,00 | 4.085.655,00 | -296.060,00 | 0,93 |
| 12 | *ЧЛЕН 12* | 145.590,00 | 112.234,00 | 33.356,00 | 1,30 |
| 13 | *ТРАНЗИТ* | 16.504,00 | 8.958,00 | 7.546,00 | 1,84 |
| | **ВКУПНО:** | **90.919.081,00** | **88.860.363,00** | **2.058.718,00** | **1,02** |

Од табелите може да се согледа движењето на приходите по паркиралишта. Бележиме зголемување на приходите во вкупен износ од 2.058.718,00 денари и тоа: по основ на остварен дневен промет забележано е зголемување на приходот во износ од 958.882,00 денари, додека по основ на претплати имаме зголемување од 1.099.836,00 денари.

Најголем пораст на приходите **по основ- дневен промет** имаме кај јавните паркиралишта Градска болница и АМСМ. По **основ на претплати** најзабележителен е порастот на приходите на јавните паркиралишта Тутунски Комбинат и Народен фронт, додека пораст на приходите **од дневен промет и претплати** бележиме на јавните паркиралишта Градска болница, Тутунски Комбинат и АМСМ кој на вкупен износ е за 2.111.966,00 денари поголем во 2025 година споредено со 2024 година.

## ЕЛЕКТРОНСКИ КАРТИЧКИ

Согласно **член 12** од Ценовникот на услуги, Претпријатието има издадено електронски картички за категорија корисници физички и правни лица. Во 2025 година по овој член јавното претпријатие има вкупно активни 25 (дваесет и пет) вакви картички.
Приходот кој јавното претпријатие го има остварено по овој член од Ценовникот, изнесува 184.807,00 денари.

**Транзит електронски картички** се издаваат на физички лица и правни субјекти кои имаат потреба да поминуваат (транзитираат) низ јавните паркиралишта со кои стопанисува претпријатието.

За овие картички, согласно член 7 од Ценовникот на услуги на претпријатието, предвидена е наплата на еднократен паричен износ од 180,00 денари (материјален трошок за издавање на електронската картичка).

Во 2025 година Претпријатието има издадено вкупно 99 (деведесет и девет) транзит универзални картички од кои 86 се нови а 13 се издадени по основ изгубена или оштетена картичка на веќе активни корисници. Приходот кој јавното претпријатие го има остварено по овој член од Ценовникот, изнесува 16.504,00 денари.

Во табелите број 4 и 4А дадени се споредбени показатели за бројот на издадени бесплатни дозволи за паркирање на категоријата корисници на услуга „станар" на затворените јавни паркиралишта по месеци за 2025 и 2024 година.

*ТАБЕЛА 4 БРОЈ НА ИЗДАДЕНИ БЕСПЛАТНИ ДОЗВОЛИ НА КАТЕГОРИЈА СТАНАР ПО МЕСЕЦИ ЗА 2025 ГОДИНА*

| 2025 ГОДИНА | ТРЕСКА | ГРАДСКА БОЛНИЦА | КОЧО РАЦИН | НАРОДЕН ФРОНТ | ЗОИЛ | КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР | АМСМ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЈАНУАРИ 2025 | 157 | 97 | 222 | 152 | 23 | 21 | 4 | 676 |
| ФЕВРУАРИ 2025 | 157 | 98 | 223 | 153 | 23 | 21 | 4 | 679 |
| МАРТ 2025 | 159 | 98 | 225 | 154 | 23 | 21 | 4 | 684 |
| АПРИЛ 2025 | 159 | 100 | 225 | 159 | 23 | 21 | 4 | 691 |
| МАЈ 2025 | 161 | 100 | 142 | 160 | 23 | 21 | 4 | 611 |
| ЈУНИ 2025 | 162 | 99 | 202 | 162 | 23 | 21 | 4 | 673 |
| ЈУЛИ 2025 | 163 | 99 | 206 | 163 | 23 | 21 | 4 | 679 |
| АВГУСТ 2025 | 164 | 97 | 211 | 162 | 23 | 21 | 4 | 682 |
| СЕПТЕМВРИ 2025 | 164 | 97 | 214 | 161 | 23 | 21 | 4 | 684 |
| ОКТОМВРИ 2025 | 167 | 78 | 217 | 165 | 23 | 21 | 4 | 675 |
| НОЕМВРИ 2025 | 167 | 84 | 218 | 166 | 23 | 21 | 4 | 683 |
| ДЕКЕМВРИ 2025 | 168 | 84 | 218 | 166 | 24 | 21 | 4 | 685 |
| **ВКУПНО:** | **1948** | **1131** | **2523** | **1923** | **277** | **252** | **48** | **8102** |

*ТАБЕЛА 4А БРОЈ НА ИЗДАДЕНИ БЕСПЛАТНИ ДОЗВОЛИ НА КАТЕГОРИЈА СТАНАР ПО МЕСЕЦИ ЗА 2024 ГОДИНА*

| 2024 ГОДИНА | ТРЕСКА | ГРАДСКА БОЛНИЦА | КОЧО РАЦИН | НАРОДЕН ФРОНТ | ЗОИЛ | КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР | АМСМ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЈАНУАРИ 2024 | 149 | 98 | 250 | 139 | 21 | 21 | 4 | 682 |
| ФЕВРУАРИ 2024 | 150 | 99 | 254 | 140 | 21 | 21 | 4 | 689 |
| МАРТ 2024 | 150 | 99 | 255 | 140 | 21 | 21 | 4 | 690 |
| АПРИЛ 2024 | 152 | 98 | 258 | 142 | 21 | 21 | 4 | 696 |
| МАЈ 2024 | 152 | 98 | 257 | 142 | 21 | 21 | 4 | 695 |
| ЈУНИ 2024 | 153 | 97 | 258 | 143 | 21 | 21 | 4 | 697 |
| ЈУЛИ 2024 | 152 | 97 | 259 | 144 | 21 | 21 | 4 | 698 |
| АВГУСТ 2024 | 154 | 97 | 260 | 144 | 22 | 21 | 4 | 702 |
| СЕПТЕМВРИ 2024 | 154 | 96 | 189 | 145 | 22 | 21 | 4 | 631 |
| ОКТОМВРИ 2024 | 155 | 97 | 212 | 146 | 23 | 21 | 4 | 658 |
| НОЕМВРИ 2024 | 155 | 97 | 218 | 149 | 23 | 21 | 4 | 667 |
| ДЕКЕМВРИ 2024 | 158 | 97 | 222 | 151 | 23 | 22 | 4 | 677 |
| **ВКУПНО:** | **1834** | **1170** | **2892** | **1725** | **260** | **253** | **48** | **8182** |

# ПРИХОДИ ОД ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ

Врз основа на услугата „зонско паркирање", претпријатието остварува приход по неколку основи: месечни/ годишни претплати, плаќање за услугата преку купување Билет за зонско паркирање, наплата преку испраќање смс порака, приход врз основа на издаден Доплатен билет, приходи од скенирана наплата која опфаќа скенирање QR код со мобилен телефон и наплата преку мобилна апликација *parking.mk*.

Табела 5 претставува споредбен преглед на реализирани приходи од зонски организираните јавни површини наменети за паркирање во 2025 година, споредено со 2024 година.

***ТАБЕЛА 5- ПРЕГЛЕД НА ОСТВАРЕН ПРИХОД ВРЗ ОСНОВА НА ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ***

| РЕД. БР. | ПРИХОДИ ОД ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ | 2025 | 2024 | + / - | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|---|
| *1* | МЕСЕЧНИ ПРЕТПЛАТИ | 21.790.563,00 | 18.153.373,00 | 3.637.190,00 | 1,20 |
| *2* | ГРЕБ КАРТИЧКИ | 664.336,00 | 778.512,00 | -114.176,00 | 0,85 |
| *3* | ПЛАЌАЊЕ ПРЕКУ СМС | 115.298.242,00 | 109.419.036,00 | 5.879.206,00 | 1,05 |
| *4* | ДОПЛАТНИ БИЛЕТИ | 23.034.247,00 | 18.542.670,00 | 4.491.577,00 | 1,24 |
| *5* | СКЕНИРАНА НАПЛАТА | 1.624.749,00 | 1.041.382,00 | 583.367,00 | 1,56 |
| | ***ВКУПНО:*** | **162.412.137,00** | **147.934.973,00** | **14.477.164,00** | **1,10** |

Доколку ги анализираме вкупните бројки, регистрираме раст на приходите за 14.477.164,00 денари во споредба со минатата година или зголемување за речиси 10%.

Во рамки на структуктурата на приходите од зонско паркирање, доколку ги анализираме поединечно, може да забележиме значителен пораст на приходите скоро по сите основи освен, отстапка имаме кај приходите од продадени Билети за зонско паркирање,односно намалување на истите за 114.176,00 денари.

## БРОЈ НА ИЗДАДЕНИ БЕСПЛАТНИ ДОЗВОЛИ КАЈ КАТЕГОРИЈА „СТАНАР"

***ТАБЕЛА 6- БРОЈ** НА ИЗДАДЕНИ **БЕСПЛАТНИ ДОЗВОЛИ** НА КАТЕГОРИЈА КОРИСНИЦИ НА УСЛУГА **„СТАНАР" КАЈ ЗОНСКОТО ПАРКИРАЊЕ И КАЈ ЈАВНИТЕ ПАРКИРАЛИШТА**, ИЗРАЗЕНО ПО МЕСЕЦИ*

| ПЕРИОД/ МЕСЕЦ | ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ ЦЕНТАР | | ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ АЕРОДРОМ | | ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ КАРПОШ | | „ЗАТВОРЕНИ" ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2025** | **2024** | **2025** | **2024** | **2025** | **2024** | **2025** | **2024** |
| **ЈАНУАРИ** | 1.415 | 1.314 | 13.181 | 11.405 | 2.823 | 144 | 676 | 682 |
| **ФЕВРУАРИ** | 1.421 | 1.335 | 13.306 | 11.759 | 2.845 | 979 | 679 | 689 |
| **МАРТ** | 1.421 | 1.325 | 13.435 | 11.963 | 2.888 | 2.068 | 684 | 690 |
| **АПРИЛ** | 1.433 | 1.306 | 13.597 | 12.140 | 2.928 | 2.100 | 691 | 696 |
| **МАЈ** | 1.382 | 1.346 | 13.137 | 12.168 | 2.922 | 2.495 | 611 | 695 |
| **ЈУНИ** | 1.385 | 1.350 | 13.228 | 12.290 | 2.941 | 2.545 | 673 | 697 |
| **ЈУЛИ** | 1.389 | 1.362 | 13.276 | 12.465 | 2.969 | 2.581 | 679 | 698 |
| **АВГУСТ** | 1.400 | 1.369 | 13.366 | 12.560 | 2.989 | 2.634 | 682 | 702 |
| **СЕПТЕМВРИ** | 1.406 | 1.372 | 13.484 | 12.695 | 3.021 | 2.675 | 684 | 631 |
| **ОКТОМВРИ** | 1.340 | 1.386 | 13.612 | 12.704 | 3.054 | 2.709 | 675 | 658 |
| **НОЕМВРИ** | 1.341 | 1.396 | 13.702 | 12.978 | 3.087 | 2.747 | 683 | 667 |
| **ДЕКЕМВРИ** | 1.312 | 1.403 | 13.833 | 13.073 | 3.118 | 2.787 | 685 | 677 |
| **ВКУПНО:** | **16.645** | **16.264** | **161.157** | **148.200** | **35.585** | **26.464** | **8.102** | **8.182** |

Од табеларниот приказ број 6 може да забележиме **зголемување** на бројот на издадени бесплатни дозволи за категорија корисник на услуга „станар" кај зонското паркирање за 22 459 дозволи, споредено со минатата година. Исклучок има кај бројот на издадени дозволи кај станари на затворените јавни паркиралишта, каде што бројот на издадени бесплатни дозволи во тековната 2025 година е помал за 80 во споредба со претходната година.

Најголем пораст на издадени бесплатни дозволи за категорија „станар" бележиме кај јавните површини наменети за паркирање во Општина Аеродром и Општина Карпош.

## ВРЕДНОСТ НА БЕСПЛАТНО ИЗДАДЕНИ ДОЗВОЛИ ЗА КАТЕГОРИЈА „СТАНАР" ЗА 2025 ГОДИНА

*ТАБЕЛА 7- **ВРЕДНОСТ** НА ИЗДАДЕНИ **БЕСПЛАТНИ ДОЗВОЛИ** НА КАТЕГОРИЈА КОРИСНИЦИ НА УСЛУГА **„СТАНАР" КАЈ ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ И КАЈ ЈАВНИТЕ ПАРКИРАЛИШТА**, ИЗРАЗЕНО ПО МЕСЕЦИ (СПОРЕДБЕН ПРИКАЗ НА СОСТОЈБАТА ВО 2025 НАСПРОТИ 2024 ГОДИНА)*

| | ЗОНСКО | | ЗАТВОРЕНИ | | ВКУПНО | | ОСНОВИЦА | | ТРОШОК ЗА ДДВ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2025** | **2024** | **2025** | **2024** | **2025** | **2024** | **2025** | **2024** | **2025** | **2024** |
| **ЈАН.** | 2,278,650 | 1,688,700 | 101,400 | 102,300 | 2,380,050 | 1,791,000 | 1,859,414 | 1,399,219 | 334,695 | 251,859 |
| **ФЕВ.** | 2,294,450 | 1,819,850 | 101,850 | 103,350 | 2,396,300 | 1,923,200 | 1,872,109 | 1,502,500 | 336,980 | 270,450 |
| **МАРТ** | 2,321,050 | 1,997,450 | 102,600 | 103,500 | 2,423,650 | 2,100,950 | 1,893,477 | 1,641,367 | 340,826 | 295,446 |
| **АПРИЛ** | 2,351,650 | 2,000,700 | 103,650 | 104,400 | 2,455,300 | 2,105,100 | 1,918,203 | 1,644,609 | 345,277 | 296,030 |
| **МАЈ** | 2,285,700 | 2,081,800 | 91,650 | 104,250 | 2,377,350 | 2,186,050 | 1,857,305 | 1,707,852 | 334,315 | 307,413 |
| **ЈУНИ** | 2,304,050 | 2,103,900 | 100,950 | 104,550 | 2,405,000 | 2,208,450 | 1,878,906 | 1,725,352 | 338,203 | 310,563 |
| **ЈУЛИ** | 2,314,550 | 2,139,100 | 101,850 | 104,700 | 2,416,400 | 2,243,800 | 1,887,813 | 1,752,969 | 339,806 | 315,534 |
| **АВГУСТ** | 2,334,700 | 2,160,850 | 102,300 | 105,300 | 2,437,000 | 2,266,150 | 1,903,906 | 1,770,430 | 342,703 | 318,677 |
| **СЕПТ.** | 2,353,200 | 2,184,500 | 102,600 | 94,650 | 2,455,800 | 2,279,150 | 1,918,594 | 1,780,586 | 345,347 | 320,505 |
| **ОКТОМ.** | 2,368,200 | 2,192,900 | 101,250 | 98,700 | 2,469,450 | 2,291,600 | 1,929,258 | 1,790,313 | 347,266 | 322,256 |
| **НОЕМ.** | 2,385,950 | 2,236,800 | 102,450 | 100,050 | 2,488,400 | 2,336,850 | 1,944,063 | 1,825,664 | 349,931 | 328,620 |
| **ДЕКЕМ.** | 2,402,900 | 2,257,150 | 102,750 | 101,550 | 2,505,650 | 2,358,700 | 1,957,539 | 1,842,734 | 352,357 | 331,692 |
| **ВКУПНО:** | **27,995,050** | **22,606,550** | **1,215,300** | **1,227,300** | **29,210,350** | **26,091,000** | **22,820,586** | **20,383,594** | **4,107,705** | **3,669,047** |

Врз основа на претплатите за издадени дозволи кај зонско паркирање кај „затворените" јавни паркиралишта за категорија корисник на услуга „станар" каде што оваа услуга се издава без паричен надомест, можеме да ја пресметаме вредноста која што за јавното претпријатие значи **загубен приход**.

Вредноста на бесплатното паркирање за повластената категорија корисник на услуга „станар" на претпријатието за 2025 година, значи промет во висина од 29.210.350,00 денари на годишно ниво односно, изгубен приход од околу 22.820.586,00 денари и воедно трошок за *ДДВ* во износ од 4.107.705,00 денари.

Во табела број 7 е приложена пресметка на загубениот приход на претпријатието врз основа на давање бесплатна услуга на категоријата корисник „станар" која што се издава во зона А, Б, Ц и Д.

## ДОПЛАТНИ БИЛЕТИ ВО 2025 ГОДИНА, СПОРЕДЕНО СО 2024 ГОДИНА

Доплатните билети претпријатието ги користи како мерка за оние корисници кои го користат зонското паркирање и кои не го регулирале паркирањето во некоја од следните ситуации: не извршиле плаќање за услугата паркирање, не го почитуваат временското ограничување при користење на услугата односно, го надминале дозволеното време за паркирање и доколку зафатиле резервирано место за лица со попреченост.

Во табела 8 даваме информација за бројот на наплатени доплатни билети во текот на 2025 година наспроти 2024 година, по месеци.

***ТАБЕЛА 8 ДОПЛАТНИ БИЛЕТИ, ИЗРАЗЕНО ПО МЕСЕЦИ***
***(СПОРЕДБЕН ПРИКАЗ НА СОСТОЈБАТА ВО 2025 НАСПРОТИ 2024 ГОДИНА)***

| ПЕРИОД- МЕСЕЦ | 2025 | 2024 | + / - | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| ЈАНУАРИ | 2090 | 1530 | 560 | 1,37 |
| ФЕВРУАРИ | 2182 | 1823 | 359 | 1,20 |
| МАРТ | 1838 | 1717 | 121 | 1,07 |
| АПРИЛ | 1966 | 1672 | 294 | 1,18 |
| МАЈ | 2416 | 1496 | 920 | 1,61 |
| ЈУНИ | 2390 | 1970 | 420 | 1,21 |
| ЈУЛИ | 2680 | 2336 | 344 | 1,15 |
| АВГУСТ | 2362 | 2035 | 327 | 1,16 |
| СЕОПТЕМВРИ | 2314 | 2105 | 209 | 1,10 |
| ОКТОМВРИ | 2212 | 2093 | 119 | 1,06 |
| НОЕМВРИ | 2148 | 2133 | 15 | 1,01 |
| ДЕКЕМВРИ | 2052 | 2129 | -77 | 0,96 |
| **ВКУПНО:** | **26.650** | **23.039** | **3611** | **1,16** |

Во табеларниот приказ што следи, број 9, претставени се резултатите од секоја зона и подзона одделно, при што се евидентира зголемување на издадени доплатни билети за 3.611 во споредба со 2024 година.

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

ПРИЛОГ КОН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО ЗА 2025 ГОДИНА

***ТАБЕЛА 9 ДОПЛАТНИ БИЛЕТИ,*** *ИЗРАЗЕНО* ***ПО ПОДЗОНИ***
***(СПОРЕДБЕН ПРИКАЗ НА СОСТОЈБАТА ВО 2025 НАСПРОТИ 2024 ГОДИНА)***

| РЕД. БР. | СУБЗОНА | 2025 | 2024 | + / - | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **А01** | 357 | 312 | 45 | 1,14 |
| 2 | **А0** | 109 | 265 | -156 | 0,41 |
| 3 | **А3** | 779 | 776 | 3 | 1,00 |
| 4 | **А4** | 696 | 628 | 68 | 1,11 |
| 5 | **А05** | 780 | 665 | 115 | 1,17 |
| 6 | **А8** | 628 | 712 | -84 | 0,88 |
| 7 | **А06** | 657 | 734 | -77 | 0,90 |
| 8 | **Б2** | 329 | 323 | 6 | 1,02 |
| 9 | **Б3** | 326 | 273 | 53 | 1,19 |
| 10 | **Б6** | 170 | 194 | -24 | 0,88 |
| 11 | **Б7** | 3403 | 2053 | 1350 | 1,66 |
| 12 | **Б10** | 241 | 224 | 17 | 1,08 |
| 13 | **Ц8** | 54 | 107 | -53 | 0,50 |
| 14 | **Ц9** | 243 | 286 | -43 | 0,85 |
| 15 | **Д42** | 4171 | 2617 | 1554 | 1,59 |
| 16 | **Ц15** | 736 | 565 | 171 | 1,30 |
| 17 | **Ц17** | 251 | 236 | 15 | 1,06 |
| 18 | **Ц19** | 95 | 122 | -27 | 0,78 |
| 19 | **Ц33** | 1441 | 1138 | 303 | 1,27 |
| 20 | **Ц35** | 73 | 23 | 50 | 3,17 |
| 21 | **Ц80** | 2884 | 2358 | 526 | 1,22 |
| 22 | **Ц81** | 439 | 293 | 146 | 1,50 |
| 23 | **Ц45** | 701 | 821 | -120 | 0,85 |
| 24 | **Ц46** | 35 | 97 | -62 | 0,36 |
| 25 | **Д2** | 298 | 309 | -11 | 0,96 |
| 26 | **Д3** | 1458 | 1393 | 65 | 1,05 |
| 27 | **Д4** | 788 | 652 | 136 | 1,21 |
| 28 | **Д5** | 9 | 18 | -9 | 0,50 |
| 29 | **Д6** | 772 | 808 | -36 | 0,96 |
| 30 | **Д7** | 1147 | 875 | 272 | 1,31 |
| 31 | **Д8** | 350 | 435 | -85 | 0,80 |
| 32 | **Д9** | 1399 | 1336 | 63 | 1,05 |
| 33 | **Д40** | 2 | 1 | 1 | 2,00 |
| 34 | **Д62** | 257 | 342 | -85 | 0,75 |
| 35 | **Д1** | 572 | 1048 | -476 | 0,55 |
| | **ВКУПНО:** | **26.650** | **23.039** | **3.611** | **1,16** |

## *БИЛЕТИ ЗА ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ*

Табелата што следи ги прикажува податоците од продажба на билети за зонско паркирање, согласно зоната на која гласат и времетраењето на паркирање ( 1 час).

***ТАБЕЛА10 НАПЛАТА НА УСЛУГАТА ПАРКИРАЊЕ ВО ЗОНА ПРЕКУ ГРЕБ КАРТИЧКИ***
***СПОРЕДБЕН ПРИКАЗ НА СОСТОЈБАТА ВО 2025 НАСПРОТИ 2024 ГОДИНА***

| *ЗОНА* | ЧАСОВИ | 2025 | 2024 | + / - | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|---|
| *А ЦРВЕНА ЗОНА* | 1 ЧАС | 4312 | 5180 | -868 | 0,83 |
| *А0 ПОРТОКАЛОВА ЗОНА* | 1 ЧАС | 2360 | 2940 | -580 | 0,80 |
| *Б ЖОЛТА ЗОНА* | 1 ЧАС | 2400 | 2250 | 150 | 1,07 |
| *Ц ЗЕЛЕНА ЗОНА* | 1 ЧАС | 16353 | 18750 | -2397 | 0,87 |
| *Д БЕЛА ЗОНА* | 1 ЧАС | 2600 | 3510 | -910 | 0,74 |
| | **ВКУПНО:** | **28.025** | **32.630** | **-4605** | **0,86** |

Според показателите, се забележува дека во 2025 година се продадени 4605 билети за зонско паркирање **помалку** во споредба со 2024 година, но затоа има зголемување на останатите начини на наплата на паркинг услугата.

# ПРИХОДИ ОД КАТНИ ГАРАЖИ

Приходите од двете катни гаражи со кои стопанисува претпријатието во период од 1 Јануари до 31 Декември 2025 година изнесуваат 33.761.311,00 денари и се повисоки за 635.806,00 денари споредено истиот период 2024 година.

Катна гаража „26 Јули" има остварено приход во вкупен износ од 12.774.834,00 денари. Приходите од катна гаража „Беко" се во износ 20.986.477,00 денари. Разликата во приходот односно, повисокиот приход на катна гаража „Беко" се должи, на подобрата локација и поголемиот број на паркинг места.

Во продолжение даваме табеларни прегледи на реализираните приходи од катните гаражи. Во табела 11 е претставен вкупниот приход, во табела 11А приход остварен по основ на дневен промет и табела 11Б го претставува приходот врз основа на претплати за издадени картички за паркирање.

***ТАБЕЛА 11- ОСТВАРЕН ПРИХОД ВО КАТНИ ГАРАЖИ***

| *РЕД. БР.* | *КАТНА ГАРАЖА* | *2025* | *2024* | *+/-* | *ИНДЕКС* |
|---|---|---|---|---|---|
| *1* | *1* | *2* | *3* | *4* | *5* |
| *1* | **КАТНА ГАРАЖА- 26 ЈУЛИ** | 12.774.834,00 | 13.123.271,00 | -348.437,00 | 0,97 |
| *2* | **КАТНА ГАРАЖА- БЕКО** | 20.986.477,00 | 20.002.234,00 | 984.243,00 | 1,05 |
| | **ВКУПНО:** | **33.761.311,00** | **33.125.505,00** | **635.806,00** | **1,02** |

***ТАБЕЛА 11А- ОСТВАРЕН ПРИХОД ОД ДНЕВЕН ПРОМЕТ ВО КАТНИ ГАРАЖИ***

| *РЕД. БР.* | *КАТНА ГАРАЖА* | *2025* | *2024* | *+/-* | *ИНДЕКС* |
|---|---|---|---|---|---|
| *1* | КАТНА ГАРАЖА 26 ЈУЛИ | 2.085.592,00 | 2.080.774,00 | 4.818,00 | 1,00 |
| *2* | КАТНА ГАРАЖА БЕКО | 8.344.322,00 | 7.545.508,00 | 798.814,00 | 1,11 |
| *3* | ПАРКОМАТ 26 ЈУЛИ | 2.223.120,00 | 2.418.005,00 | -194.885,00 | 0,92 |
| *4* | ПАРКОМАТ БЕКО | 1.789.845,00 | 1.641.237,00 | 148.608,00 | 1,09 |
| | **ВКУПНО:** | **14.442.879,00** | **13.685.524,00** | **757.355,00** | **1,06** |

***ТАБЕЛА 11Б- ОСТВАРЕН ПРИХОД ОД ПРЕТПЛАТИ ВО КАТНИ ГАРАЖИ***

| *РЕД.БР.* | *КАТНА ГАРАЖА* | *2025* | *2024* | *+/-* | *ИНДЕКС* |
|---|---|---|---|---|---|
| *1* | *КАТНА ГАРАЖА - 26 ЈУЛИ* | 8.466.122,00 | 8.624.492,00 | -158.370,00 | 0,98 |
| *2* | *КАТНА ГАРАЖА-БЕКО* | 10.852.310,00 | 10.815.489,00 | 36.821,00 | 1,00 |
| | **ВКУПНО:** | **19.318.432,00** | **19.439.981,00** | **-121.549,00** | **0,99** |

# ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК

Вкупно нето приход, по сите основи, Сектор Пајак во 2025 година остварува во износ од 24.618.459,00 денари.

Во однос на минатата година бележиме пад на приходите од овој сектор за 2.850.018,00 денари или околу 10,37%.

| **ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК** | **2025 година** | **2024 година** | **РАЗЛИКА** | **ИНДЕКС** |
|---|---|---|---|---|
| **ДНЕВЕН ПРОМЕТ** | 24,595,339.00 | 27,455,931.00 | -2,860,592.00 | 0.90 |
| **ФАКТУРИРАНА УСЛУГА** | 23,120.00 | 12,546.00 | 10,574.00 | 1.84 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ:** | **24,618,459.00** | **27,468,477.00** | **-2,850,018.00** | 0.90 |

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
## ПРИЛОГ КОН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО ЗА 2025 ГОДИНА

Работењето на Сектор Пајак е условено пред се од соработката со МВР но и други околности влијаат врз работењето на овој сектор како што се: соработката со комуналните инспектори, исправноста и екипираноста на возилата, временските услови, начинот на наплата на услугата дали се наплатува на лице место или во депо на сектор пајак итн. Во однос на екипираноста, од седум специјални возила Пајак во функција се само три од причина што се работи во три смени и нема доволно екипи на возач и асистент на специјално возило кои би се ангажирале за другите возила. Исто така со подготовките за воведување на проектот *Safe Citty* намалена е потребата за ангажирање на специјалните возила пајак.

***ТАБЕЛА 12- ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ДНЕВЕН ПРОМЕТ ОД СЕКТОР ПАЈАК СПОРЕДБЕН ПРИКАЗ НА 2025 ГОДИНА НАСПРОТИ 2024 ГОДИНА***

| ПЕРИОД МЕСЕЦ | БРОЈ НАПЛАТЕНИ ВОЗИЛА 2025 | ПРОМЕТ ВО БРУТО ИЗНОС-ДЕПО П.+ЛИСИЦИ 2025 | БРОЈ НАПЛАТЕНИ ВОЗИЛА 2024 | ПРОМЕТ ВО БРУТО ИЗНОС -ДЕПО П.+ЛИСИЦ 2024 | РАЗЛИКА ВО БРОЈ НА НАПЛАТЕН И ВОЗИЛА | РАЗЛИКА ВО РЕАЛИЗАЦИЈА | ИНДЕКС ВОЗИЛА | ИНДЕКС РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *ЈАНУАРИ* | 1324 | 2.870.710,00 | 1118 | 2.434.580,00 | 206 | 436.130,00 | 1,18 | 1,18 |
| *ФЕВРУАРИ* | 1308 | 2.927.910,00 | 1460 | 3.231.840,00 | -152 | -303.930,00 | 0,90 | 0,91 |
| *МАРТ* | 1106 | 2.400.590,00 | 1446 | 3.130.550,00 | -340 | -729.960,00 | 0,76 | 0,77 |
| *АПРИЛ* | 1230 | 2.692.950,00 | 1267 | 2.790.330,00 | -37 | -97.380,00 | 0,97 | 0,97 |
| *МАЈ* | 1315 | 2.871.850,00 | 1006 | 2.208.600,00 | 309 | 663.250,00 | 1,31 | 1,30 |
| *ЈУНИ* | 1112 | 2.389.270,00 | 1216 | 2.602.550,00 | -104 | -213.280,00 | 0,91 | 0,92 |
| *ЈУЛИ* | 1324 | 2.763.780,00 | 1412 | 2.961.260,00 | -88 | -197.480,00 | 0,94 | 0,93 |
| *АВГУСТ* | 1087 | 2.296.770,00 | 1183 | 2.504.610,00 | -96 | -207.840,00 | 0,92 | 0,92 |
| *СЕПТЕМВРИ* | 1166 | 2.488.280,00 | 1251 | 2.660.250,00 | -85 | -171.970,00 | 0,93 | 0,94 |
| *ОКТОМВРИ* | 1008 | 2.211.540,00 | 1384 | 2.992.740,00 | -376 | -781.200,00 | 0,73 | 0,74 |
| *НОЕМВРИ* | 1126 | 2.475.100,00 | 1647 | 3.611.300,00 | -521 | -1.136.200,00 | 0,68 | 0,69 |
| *ДЕКЕМВРИ* | 1086 | 2.371.200,00 | 1368 | 2.990.430,00 | -282 | -619.230,00 | 0,79 | 0,79 |
| ***ВКУПНО:*** | **14192** | **30.759.950,00** | **15758** | **34.119.040,00** | **-1566** | **-3.359.090,00** | **0,90** | **0,90** |

Во тековната 2025 година наплатени се вкупно 14.192 возила (депо пајак и лисици) и остварен е дневен промет во бруто износ од 30.759.950,00 денари или приход во нето износ од 25.774.600,00 денари.

# ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

Во тековната 2025 година износот на **останати приходи** е 2.576.182,00 ден.

Истите произлегуваат од: наплата на продажба на расход 7.040,00 денари, отпишани побарувања и обврски 253.319,00; приходи од субвенции дадени во опрема на износ 1.471.608,00 денари евидентирани во согласност со МСС стандардите (МСС 20- Државни поддршки). Понатаму, приходи од судски трошоци 506.663,00 денари; приходи од наплата на штети по спогодба и од осигурителни компании 178.792,00 денари, приходи од други надоместоци– за оштетени блокатори 37.065,00 денари и вонредни приходи на износ од 121.695,00 денари.

| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 2025 година | 2024 година | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| ОД ПРОДАЖБА НА РАСХОД | 7,040.00 | 0.00 | 7,040.00 | - |
| ОД ОТПИШАНИ ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ | 253,319.00 | 158,118.00 | 95,201.00 | 2.66 |
| ОД СУБВЕНЦИИ ВО ОПРЕМА | 0.00 | 0.00 | 0.00 | - |
| ОД СУБВЕНЦИИ ДАДЕНИ ВО ОПРЕМА | 1,471,608.00 | 1,471,608.00 | 0.00 | 1.00 |
| ОД НАПЛАТЕНИ СУДСКИ ТРОШОЦИ | 506,663.00 | 87,651.00 | 419,012.00 | 1.21 |
| ОД НАПЛАТА НА ШТЕТИ | 178,792.00 | 90,699.00 | 88,093.00 | 2.03 |
| ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ, ВОНРЕДНИ ПРИХОДИ, МИНАТИ ГОДИНИ | 158,760.00 | 248,120.00 | -89,360.00 | -1.78 |
| ВКУПНО ПРИХОДИ : | 2,576,182.00 | 2,056,196.00 | 519,986.00 | 4.95 |

Износот на оваа група на приходи е поголем во споредба со минатата година за 519.986,00 денари.

# ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ

Финансиските приходи оваа година изнесуваат 64.309,00 денари.

Во оваа група на приходи спаѓаат приходи по основ:

- ✓ камата од наплатени тужени побарувања на износ 63.466,00 денари и
- ✓ камата од деловна банка за парични средства на трансакциска сметка на износ од 843,00 денари.

Приходите во оваа категорија, во 2025 година се зголемени за 57.171,00 денари во споредба со приходите од 2024 година кога истите изнесувале 7.138,00 денари.

# РАСХОДИ

Расходите за 2025 година изнесуваат 273.971.237,00 денари.

Даваме табеларно претставен, споредбен преглед на трошоци по групи за период 1 Јануари 2025– 31 Декември 2025 година со истиот период минатата 2024 година:

| | 2025 *ГОДИНА* | 2024 *ГОДИНА* | *ГРУПА НА ТРОШОЦИ* |
|---|---|---|---|
| *2.1.* | 12,830,970.00 | 13.908.308,00 | *ТРОШОЦИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ* |
| *2.2.* | 55,878,969.00 | 50.027.568,00 | *ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ* |
| *2.3.* | 182,128,210.00 | 180.918.888,00 | *ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА* |
| *2.4.* | 10,778,206.00 | 10.858.612,00 | *ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА* |
| *2.5.* | 10,992,149.00 | 9.755.634,00 | *ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕ* |
| *2.6.* | 486,305.00 | 230.020,00 | *ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊА* |
| *2.7.* | 459,008.00 | 218.560,00 | *ОСТАНАТИ РАСХОДИ* |
| *2.8.* | 417,420.00 | 37.819,00 | *ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ* |
| | **273,971,237.00** | **265.955.408,00** | ***ВКУПНО РАСХОДИ*** |

## ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ

| ТРОШОЦИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ | 2025 | 2024 | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| *ПОТРОШНИ ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ* | 290.377,00 | 527.246,00 | -236.869,00 | 0.55 |
| *КАНЦЕЛАРИСКИ МАТЕРИЈАЛИ, ФИСКАЛНИ И БАР КОД РОЛНИ, ЧИП И ГРЕБ КАРТИЧКИ* | 2.004.729,00 | 2.425.078,00 | -420.349,00 | 0.83 |
| *ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И ПАРНО* | 6.662.528,00 | 5.129.172,00 | 1.533.356,00 | 1.30 |
| *ГОРИВО И МАСЛО ЗА ПОДМАЧКУВАЊЕ* | 3.261.375,00 | 3.767.026,00 | -505.651,00 | 0.87 |
| *ОТПИС НА СИТЕН ИНВЕНТАР, АВТО ГУМИ ВО УПОТРЕБА И ХТЗ* | 611.961,00 | 2.059.786,00 | -1.447.825,00 | 0.30 |
| **ВКУПНО:** | **12.830.970,00** | **13.908.308,00** | **-1.077.338,00** | **0.92** |

Првата група трошоци– Трошоци за суровини и материјали изнесува 12.830.970,00 денари. Во оваа група спаѓаат трошоците за потрошни и помошни материјали, средства за чистење, канцелариски материјали, електрична и топлинска енергија, гориво како и трошоците на инвентар, автогуми и хтз опрема во употреба. Во однос на минатата година оваа група трошоци бележи намалување за 1.077.338,00 денари со тоа што речиси сите трошоци бележат намалување со исклучок на трошокот за електрична енергија кој е поголем во однос на минатата година.

# ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ

| Опис | 2025 година | 2024 година | Разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| ПОШТЕНСКИ, ТЕЛЕФОНСКИ УСЛУГИ И ИНТЕРНЕТ | 2.347.243,00 | 2.205.288,00 | 141.955,00 | 1.06 |
| МАТЕРИЈАЛНИ УСЛУГИ ЗА ИЗРАБОТКА ИНФО ТАБЛИ | 694.000,00 | 1.423.806,00 | -729.806,00 | 0.49 |
| УСЛУГИ ЗА ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ | 13.363.779,00 | 12.289.821,00 | 1.073.958,00 | 1.09 |
| ТРШОЦИ ЗА НАЕМ | 3.397.883,00 | 3.749.394,00 | -351.511,00 | 0.91 |
| КОМУНАЛНИ УСЛУГИ | 6.830.643,00 | 6.899.571,00 | -68.928,00 | 0.99 |
| ОСТАНАТИ УСЛУГИ | 1.033.355,00 | 1.176.686,00 | -143.331,00 | 0.88 |
| ОСТАНАТИ НЕПРОИЗВОДСТВЕНИ УСЛУГИ | 23.787.886,00 | 22.075.782,00 | 1.712.104,00 | 1.08 |
| ОСТАНАТИ УСЛУГИ- ВРЕМЕНИ ВРАБОТУВАЊА | 4.424.180,00 | 207.220,00 | 4.216.960,00 | 21.35 |
| **ВКУПНО:** | **55.878.969,00** | **50.027.568,00** | **5.851.401,00** | **1.12** |

Во оваа група на трошоци спаѓаат: трошокот за ПТТ услуги, фиксна и мобилна телефонија, електронски комуникации- радиофрекфенции, трошоци за поставување информативни табли, тековно одржување на материјални и нематеријални основни средства и ситен инвентар, услуги за вршење на градежни работи и бележење, наем односно закуп, комунални услуги– ѓубретарина, вода и слично, графички услуги- брендирање, обезбедување- транспорт на пари, администрирање на системот за зонско паркирање, трошок за времени вработувања и други видови на услуги.

Во 2025 година износот на трошоците за услуги е 55.878.969,00 денари. Во однос на минатата година евидентираме зголемување на трошоците за 5.851.401,00 денари или за 11,7 % .

Од табелата се забележува дека одделни трошоци бележат намалување а други пак зголемување. Зголемувањето на трошоците во групата е резултат на трошоците за времено вработување во 2025 година, кој трошок во 2024 година е драстично понизок.

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
ПРИЛОГ КОН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО ЗА 2025 ГОДИНА

## ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ

| *ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ* | 2025 | 2024 | *РАЗЛИКА* | *ИНДЕКС* |
|---|---|---|---|---|
| *1* | *2* | *3* | *4* | *5* |
| *ВКАЛКУЛИРАНИ ПЛАТИ* | 176.327.769,00 | 176.363.688,00 | -35.919,00 | 1,00 |
| *ОТПРЕМНИНА* | 352.500,00 | 403.748,00 | -51.248,00 | 0,87 |
| *ЈИБИЛЕЈНИ НАГРАДИ* | 1.305.903,00 | 253.082,00 | 1.052.821,00 | 5,16 |
| *РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР* | 3.313.027,00 | 3.386.582,00 | -73.555,00 | 0,98 |
| *ТРОШОЦИ ЗА ПОМОШ НА ВРАБОТЕНИ* | 829.011,00 | 511.788,00 | 317.223,00 | 1,62 |
| ***ВКУПНО:*** | **182.128.210,00** | **180.918.888,00** | **1.209.322,00** | **1,01** |

Трошокот за плати, надоместоци од плата и други трошоци изнесува 182.128.210,00 денари. Во споредба со минатата година во целина бележиме пораст за 1.209.322,00 денари. Износот на трошокот за плати варира од повеќе причини: вработувања, пензионирање на вработени, користење боледувања, неплатено отсуство, прекувремена работа, работа на празник, платено отсуство, отказ, пораст и усогласување на платите итн.

Трошокот за регрес изнесува 3.313.027,00 денари. Исплатен е во месец декември во бруто износ од 13.747,00 денари по вработен (нето 12,372,00 денари), согласно одредбите од колективен договор за јавен сектор, каде е утврден на износ од 30% од просечна месечна нето плата исплатена за 2024 година.

По основ други надоместоци на вработените во 2025 година евидентирани се трошоци за исплата на отпремнини за пензионирање во вкупен износ од 352.500,00 денари за четири вработени кој заминале во пензија, јубилејни награди за триесет и три вработени во вкупен износ од 1.305.903,00 денари од кои девет вработени за непрекинат стаж од 10 години во јавното претпријатие и дваесет и четири вработени за непрекинат стаж од 20 години во јавното претпријатие; по основ надомест за непрекинато боледување во траење од 6 месеци како и за помош за лекување на вработени исплатен е вкупен износ од 345.784,00 денари; помош за смрт на вработен и за смрт на член на семејство евидентирани се трошоци на износ од 483.227,00 денари.

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

ПРИЛОГ КОН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО ЗА 2025 ГОДИНА

***УЧЕСТВО НА ТРОШОКОТ ЗА ПЛАТИ ВО ПРИХОДИТЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО***

| РЕД. БР. | ГОДИНА/БРОЈ ВРАБОТЕНИ | БРУТО ПЛАТА | ПРИХОДИ | % НА УЧЕСТВО НА ПЛАТИТЕ ВО ПРИХОДИТЕ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2025/ 243 | 176.327.769,00 | 314.351.660,00 | 56,09 |
| 2 | 2024/ 246 | 176.363.688,00 | 299.452.652,00 | 58,89 |

***ПРОСЕЧНА БРУТО И НЕТО ПЛАТА ВО ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ– СКОПЈЕ ЗА 2025 ГОДИНА***

| РЕД. БР. | ОПИС | ИЗНОС 2025 |
|---|---|---|
| 1 | ПРОСЕЧНА БРУТО МЕСЕЧНА ПЛАТА НА НИВО НА ПРЕТПРИЈАТИЕ | 14.693.981,00 |
| 2 | ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ПО ЧАСОВИ | 245 |
| 3 | ПРОСЕЧНА БРУТО МЕСЕЧНА ПЛАТА НА ВРАБОТЕН | 59.975 |
| 4 | ПРОСЕЧНА НЕТО МЕСЕЧНА ПЛАТА НА ВРАБОТЕН | 39.851 |

# АМОРТИЗАЦИЈА

Трошокот за амортизација во 2025 година изнесува 10.778.206,00 денари.

# ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕ

| ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ | 2025 | 2024 | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| ДНЕВНИЦИ И ПАТНИ ПРОШОЦИ ЗА СЛУЖБЕН ПАТ | 0,00 | 124.764,00 | -124.764,00 | 0,00 |
| ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ НА ВРАБОТЕНИ, ОБУКИ И СЛ. | 86.151,00 | 111.176,00 | -25.025,00 | 0,77 |
| НАДОМЕСТОЦИ ЗА УПРАВЕН И НАДЗОРЕН ОДБОР | 1.606.999,00 | 1.794.725,00 | -187.726,00 | 0,90 |
| ТРОШОЦИ ЗА ПРОМОЦИЈА И ДОНАЦИЈА | 0,00 | 0,00 | 0,00 | / |
| РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА | 303.753,00 | 239.662,00 | 64.091,00 | 1,27 |
| ТРОШОЦИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ | 849.667,00 | 770.073,00 | 79.594,00 | 1,10 |
| БАНКАРСКИ ПРОВИЗИИ | 984.545,00 | 880.227,00 | 104.318,00 | 1,12 |
| ДДВ НА УСЛУГИ КАКО ДОНАЦИИ ИЛИ СПОНЗОРСТВА | 0,00 | 0,00 | 0,00 | / |
| ТРОШОК ЗА ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ | 4.383.772,00 | 3.669.049,00 | 714.723,00 | 1,19 |
| ИНТЕЛЕКТУАЛНИ УСЛУГИ- РЕВИЗИЈА, ЗДРАВСТВЕНИ ПРЕГЛЕДИ, ПРОЕКТИ, ПРЕВОДИ, ДОГОВОР НА ДЕЛО | 886.036,00 | 523.064,00 | 362.972,00 | 1,69 |
| АДВОКАТСКО- НОТАРСКИ УСЛУГИ, СУДСКИ И АДМИНИСТРАТИВНИ ТАКСИ | 1.396.714,00 | 1.018.317,00 | 378.397,00 | 1,37 |
| ЧЛЕНАРИНИ, КОРИСТЕЊЕ ПРАВА | 272.000,00 | 484.635,00 | -212.635,00 | 0,56 |
| ОГЛАСУВАЊЕ, ПРЕТПЛАТА НА ДНЕВНИ ВЕСНИЦИ И СТРУЧНИ СПИСАНИЈА | 222.512,00 | 139.943,00 | 82.569,00 | 1,59 |
| ***ВКУПНО:*** | **10.992.149.00** | **9.755.635,00** | **1.236.514,00** | **1,13** |

Во оваа група спаѓаат следните трошоци: дневници и патни трошоци за службени патувања, други надоместоци на вработените, обуки и слично, надоместоци на органите на управување, трошоци за донации, репрезентација, осигурување, банкарски провизии, трошок за ДДВ, интелектуални услуги, договор на дело, превод, судски и административни такси, адвокатски и нотарски трошоци, трошоци за огласување, претплата на весници и стручни списанија итн.

Во 2025 година реализирани се „останати трошоци на работење" во износ од 10.992.149.00 денари односно, истите оваа година се поголеми за 1.236.514,00 денари споредено со 2024 година.

Најзабележителен е порастот на трошокот за данок на додадена вредност кој оваа година е поголем за разлика од претходната година за 714.723,00 ден. како резултат на повеќе остварен промет во Сектор Јавни паркиралишта.

Во групата бележиме различно движење на одделни трошоци.

Во табелата погоре ги прикажуваме трошоците и нивните износи во текот на 2025 година споредено со 2024 година.

## ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА

| ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА ТЕКОВНИ И НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА | 2025 | 2024 | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| *ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА* | 486.180,00 | 229.890,00 | 256.290,00 | 2.11 |
| *ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАЛИХИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ* | 125,00 | 130,00 | -5,00 | 0,96 |
| ***ВКУПНО:*** | **486.305,00** | **230.020,00** | **256.285,00** | **2,11** |

Во 2025 година евидентираме вредносно усогласување на побарувања на износ 486.180,00 денари, како и вредносно усогласување на залихите на материјали кои се однесуваат на електронски чип картички за паркиралиштата кои по пописот беа расходувани и чија вредност изнесува 125,00 денари.

# ОСТАНАТИ РАСХОДИ

| ОСТАНАТИ РАСХОДИ | 2025 | 2024 | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| *ОТПИС НА ПОБАРУВАЊА* | 51.172,00 | 103.461,00 | -52.289,00 | 0,49 |
| *ОДОБРЕНИЈА ПО РЕКЛАМАЦИИ* | 135.147,00 | 70.510,00 | 64.637,00 | 1,92 |
| *НЕПРИЗНАТИ ТРОШОЦИ, КУСОЦИ, ШТЕТИ, КАЗНИ* | 45.868,00 | 0,00 | 45.868,00 | / |
| *ДРУГИ ТРОШОЦИ ЗА ИЗВРШИТЕЛИ,СПОРОВИ, ВОНРЕДНИ РАСХОДИ* | 226.821,00 | 44.588,00 | 182.233,00 | 5,09 |
| ***ВКУПНО:*** | **459.008,00** | **218.559,00** | **240.449** | **2,10** |

Во групата Останати расходи трошоците изнесуваат 459.008,00 денари.

Во 2025 година евидентирани се трошоци кои произлегуваат од отпис на побарувања во висина од 51.172,00 денари; трошоци по рекламации на износ 135.147,00 денари; трошоци по основ на казни и надомест на штета 45.868,00 денари, трошоци за спорови 125.595,00 денари по пресуда за спор со снабдување електрична енергија, дополнително утврдени трошоци на износ 38.589,00 денари од исплата на јубилејни награди заради усогласување со просечна плата, како и вонредни непредвидени трошоци на износ од 62.637,00 денари кои произлегуваат од кражби на паркомати.

# ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ

Финансиските расходи во 2025 година се со износ 417.420,00 денари од кои најголем дел отпаѓа на камата на главен долг на износ од 372.994,00 денари по пресуда за спор за снабдување со електрична енергија, додека остатокот отпаѓа на камата за задоцнето плаќање сметки за комуналии заради задоцнето доставување на фактури како и камата за плаќање на јавни давачки.

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈАНУАРИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА

| **АКТИВА** | | **2025 ГОДИНА** | **2024 ГОДИНА** |
|---|---|---|---|
| *РЕД. БР.* | | | |
| *1.1* | **ОСНОВНИ СРЕДСТВА**<br>**кл. 00** | 27.551.781,00 | 37.271.937,00 |
| *1.2* | **ЗАЛИХИ**<br>**кл. 3** | 2.534.078,00 | 2.838.590,00 |
| *1.3* | **ОБРТНИ СРЕДСТВА**<br>**кл. 1** | 119.902.651,00 | 107.692.063,00 |
| *1.4* | **АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА**<br>**кл. 1 гр. 19** | 922.300,00 | 771.708,00 |
| | **ВКУПНО АКТИВА:** | **150.910.810,00** | **148.574.299,00** |

| **ПАСИВА** | | **2025 ГОДИНА** | **2024 ГОДИНА** |
|---|---|---|---|
| *РЕД. БР.* | | | |
| *2.1* | **ЗАПИШАН КАПИТАЛ**<br>**ДРЖАВЕН ЈАВЕН КАПИТАЛ** | 153.053,00 | 153.053,00 |
| *2.2* | **ЗАКОНСКИ РЕЗЕРВИ** | 15.305,00 | 15.305,00 |
| *2.3* | **АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА**<br>**(ОД ПРЕТХОДНИ ГОДИНИ)** | 67.361.421,00 | 37.346.314,00 |
| *2.4* | **ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ – ЗАГУБА/ДОБИВКА** | 36.250.518,00 | 30.015.108,00 |
| *2.5* | **КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ**<br>**кл.2** | 37.973.656,00 | 69.559.787,00 |
| *2.6* | **ОДЛОЖЕНИ ПЛАЌАЊА НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ** | 9.156.857,00 | 11.484.732,00 |
| | **ВКУПНО ПАСИВА:** | **150.910.810,00** | **148.574.299,00** |

## ОСНОВНИ СРЕДСТВА СО СОСТОЈБА 31 ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА

ЈП Градски Паркинг- Скопје заклучно 31.12.2025 година располага со основни средства чија сегашна вредност изнесува 27.551.781,00 денари.

Во текот на 2025 година вложено е во набавка на сообраќајни проекти кои се изработени за потребите на проширување на зонското паркирање на територија на Општина Аеродорм (Реонски центар и Населба Ново Лисиче), Општина Карпош, Гази Баба итн.

Извршена е надградба на софтверот за генерирање автоматски фактури, набавен е надворешен хард диск за потребите на службата за мониторинг итн.

## ЗАЛИХИ

Вредноста на залихите изнесува 2.534.078,00 денари.

Од нив, 1.535.952,00 денари претставуваат залихи на суровини и материјали односно, се однесува на следните ставки: канцелариски материјал, електронски картички и Билети за зонско паркирање, репрезентативни средства за потребите на кујната, средства за чистење итн.

Залихата на ситен инвентар изнесува 275.586,00 денари и претставува залиха од блокатори, канцелариски мебел, лопати, полначи, радијатори и друг инвентар. ХТЗ опрема има на залиха во вредност од 722.540,00 денари и се состои од флуоросцентни елечиња, поло маички, одела за дожд, ракавици, јакни, панталони, чевли итн.

## ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА

Состојбата на трансакциските сметки со кои располага јавното претпријатие, девизната сметка, благајна и виза дебит картичка, збирно на 31.12.2025 година бележи вкупен износ од 99.052.254,00 денари.

Побарувањата од купувачи изнесуваат 20.400.379,00 денари. Наплатата на истите се врши тековно во наредниот пресметковен период. Во овој износ се вклучени и побарувањата за издадени дозволи за лицата со попреченост за кои секоја година Основачот Град Скопје носи Програма. Минатите три години (2023-2025 година) Буџетот не беше доволен да ги надомести вкупно издадените дозволи за оваа ранлива категорија корисници кој што број секоја година се повеќе се зголемува. Заради тоа сметаме дека во периодот што следи, во соработка со Основачот ќе се најде решение овие побарувања да бидат надоместени со цел јавното претпријатие да не биде изложено на дополнителни трошоци за нивен отпис доколку не бидат наплатени.

Вредноста на тужените побарувања изнесува 3.300.494,00 денари. Во најголем дел овие побарувања произлегуваат од тужење на комитенти по издадени доплатни билети а заради неплатено зонско паркирање. Постапката за дел од предметите се води во судовите а дел од тужените побарувања во текот на 2012 и 2013 година се процесирани директно на нотар. Нивна наплата се врши тековно.

Побарувања за повеќе платени придонеси, на износ 374,00 денари, се однесуваат на корекции од плата на вработени и тие средства ќе бидат пребиени при наредни пресметки на плата.

Побарувања од вработени, на износ 325.508,00 денари, во најголем дел се по основ на задолженија со ситни пари на паркиралишта. Во износот вклучени се и задолженија за надминати телефонски лимити на службени телефони, кусоци, штети од вработени, задолженија по основ картички за евиденција на работно време итн.

Останати побарувања се однесуваат на побарувања од купувачи со платежни картички, на износ 124.136,00 денари. Се работи за тековните побарувања од деловните банки по основ на дневен промет процесиран по пат на пос терминал а чија наплата се врши редовно секој нареден работен ден.

## АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

На сметките од група 19 евидентирани се трошоци на износ 922.300,00 денари, кои ќе се реализираат во наредните периоди. Станува збор за трошоци за осигурување 461.019,00 денари, 17.428,00 денари за чип картички, 5.375,00 денари годишен надоместок за радиофрекфенции, трошоци за платени такси на нотари и извршители 438.478,00 денари.

## ОБВРСКИ

Претпријатието нема долгорочни обврски.

По основ краткорочни обврски јавното претпријатие должи севкупно 37,973,656.00 денари. Во износот најголем дел отпаѓа на обврската за комунална такса кон Град Скопје, на износ 22.400.870,00 денари; 8.498.525,00 денари се обврски кон добавувачите; даночни обврски на износ 5.873.442,00 денари; обврски за данок од добивка 1.058.243,00 денари; обврски за даноци, придонеси, плати, надоместоци на вработени 8.358,00 денари; 134.218,00 денари обврски за други надоместоци и персонален данок (по основ Договор на дело како и надоместоци кон органите на управување за месец декември).

По основ обврска за комунална такса кон Основачот Град Скопје во текот на 2025 година е платен износ од 58.694.832,00 денари. Дополнително, во 2026 година е подмирена обврската за комунална такса од 2022 година на износ 14.929.641,00 денари.

Остаток неподмирена обврска за комунална такса изнесува 7.471.229,00 денари за период од месец октомври до месец декември 2025 година.

## ОДЛОЖЕНИ ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ

Износот на оваа категорија е 9.156.857,00 денари.

Пресметани трошоци кои се однесуваат на нареден пресметковен период односно, кои временски ги разграничуваме, изнесуваат 1.491.016,00 денари. Тоа се трошоци по фактури за закуп, за одржување на софтверски програми, плати за времено вработени итн.

Приходи по основ извршени плаќања за услуга паркирање а кои се однесуваат на наредниот пресметковен период (2026 година), изнесуваат 5.844.030,00 денари. Други одложени приходи по основ претплати се на износ 333.564,00 денари.

Во рамките на оваа група, евидентирани се и приходи по основ субвенции и донации од Град Скопје при што се доделени средства во опрема и пари, наменски за набавка на опрема. Овие приходи се евидентираат во согласност со МСС стандардите на сметките за временско разграничување и нивниот износ за 2025 година е 1.488.248,00 денари.

## ЗАКЛУЧОК КОН ФИНАНСИСКИОТ ИЗВЕШТАЈ

Основна дејност на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Градски паркинг- Скопје е организирање и уредување на сообраќајот во мирување преку управување и користење на паркинг просторот во главниот град Скопје.

**Јавното Претпријатие во 2025 година искажа позитивен финансиски резултат-Добивка по оданочување, на износ од 36.250.518,00 денари.**

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
## ПРИЛОГ КОН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО ЗА 2025 ГОДИНА

Во текот на 2025 година во претпријатието се зголемени оперативните приходи од дејноста паркирање и се одржа стабилно ниво на приходи од подигање на непрописно паркирани возила во соработка со МВР, комуналните инспектори на Град Скопје и општините на територија на град Скопје.

Во јавното претпријатие, неколку години наназад, не се вршени посериозни инвестициски вложувања, освен тековно одржување на постоечката опрема. Во 2026 година во план е да се обнови дел од опремата како и одржувањето на постоечките системи кои се неопходни за стабилно функционирање на претпријатието.

Се планира да се прошири зонското паркирање на територија на Општина Аеродром, Општина Гази Баба, Општина Карпош и Општина Кисела Вода. Во план е модернизација на јавното паркиралиште Клинички центар Мајка Тереза итн.

Јавното претпријатие во текот на 2025 година, како и во текот на февруари 2026 година, исплати заостанати обврски по основ комунална такса кон Град Скопје во износ од 73.624.473,00 денари. Сериозен предизвик, пред кој се соочува претпријатието во 2026 година, е зголемувањето на обврската за комунална такса од 10% на 20% во услови кога цените на услугата за паркирање остануваат непроменети. Сметаме дека повеќе од неопходно е да се изврши корекција на цените за паркинг услугите, кои не се променети од 2011 година (исклучок е 2022 година кога имаше измена на Ценовникот но, во насока на намалување на цените на услугите за паркирање за 20%). Во спротивно, постои опасност од нарушување на ликвидноста на јавното претпријатие а се доведува до прашање и реализацијата на Програмата на инвестиции за 2026 година.

Колку од зацртаните цели ќе се остварат, зависи од целокупните услови на стопанисување, земајќи ги во предвид и погоре изнесените околности во кои функционира јавното претпријатие.

Во соработка со Градоначалник и Совет на Град Скопје, очекуваме поддршка со цел да се реализираат предвидените проекти.

## КОНСОЛИДИРАН ПРЕГЛЕД НА ДОСЕГАШНОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ И ИДЕНТИФИКУВАНИ НЕДОСТАТОЦИ

Со цел да се подобри управувањето со јавниот паркинг простор, Јавното претпријатие реализираше одредени активности насочени кон унапредување на услугите, зголемување на оперативната ефикасност и постепена дигитализација на процесите. Паралелно со реализираните активности, се изработи интерна анализа во која се посочени идентификуваните сегменти кои претставуваат простор за понатамошно подобрување.

### 1. Идентификувани пропусти и причини (за истите)

И покрај постигнатите резултати, може да констатираме дека во овој период јавното претпријатие се справуваше со недоволно систематизирана дигитална интеграција на услугите (на пр. *онлајн* апликации, кориснички профили, автоматизирано управување). Воочени се следните пропусти:

- ✓ Постоечките електронски платформи се со ограничена функционалност и без целосна интеракција со корисниците во реално време;
- ✓ Системот за аналитика и предикација на паркинг побарувачката е недоволно развиен;
- ✓ Отсуство на интегриран систем за паметно управување со паркинг местата (smart parking);
- ✓ Недоволна искористеност на можностите за алтернативни извори на приходи: на пр. електро полначи, претплати, други комерцијални услуги;
- ✓ Ограничени активности во делот на јавната комуникација и транспарентност во реално време;
- ✓ Недоволна интеграција со други институции: локална самоуправа, инспекциски служби, МВР;

Анализата укажува дека дел од овие состојби произлегуваат од:

- ✓ Недоволни инвестиции во ИКТ инфраструктура;
- ✓ Ограничени човечки ресурси со специјализирани дигитални компетенции;
- ✓ Отсуство на долгорочна стратегија за дигителна трансформација;
- ✓ Фрагментиран/парцијален пристап во развојот на нови услуги;
- ✓ Потреба од усогласување со законската регулатива при воведување на нови системи;

## 2. Препораки и насоки за наредниот период

Со цел да се надминат утврдените состојби, јавното претпријатие има план за наредниот период:

- ✓ Да се воспостави единствен дигитален систем со целосна функционалност (на пр. moj.parking.mk);
- ✓ Воведување на smart parking system (сензори, мобилни апликации, автоматска наплата);
- ✓ Развој на централизирана база на податоци и аналитички алатки;
- ✓ Интензивирање на инвестициите во ИКТ секторот/системот и кај човечките капацитети;
- ✓ Воведување на електро полначи и нови комерцијални услуги;
- ✓ Подобрување на јавната транспарентност и комуникација со корисниците;
- ✓ Зајакнување на меѓуинституционалната координација.

Иако јавното претпријатие во извештајниот период оствари значителен напредок, јасно се детектира потребата од системски пристап кон дигителизација, модернизација и стратешко планирање. Надминувањето на идентификуваните недостатоци претставува клучен предуслов за зголемување на ефикасноста, финансиската одржливост и квалитетот на услугите кон граѓаните.

ЈП Градски паркинг- Скопје
Скопје, 30.03.2026 година

ИЗРАБОТИЛ:
Помошник Директор
Мато Гласновиќ

Соработник за финансиско планирање и анализа
Стефани Митревска

Виш соработник- проектен координатор
Ана Витановска

ПРОВЕРИЛ:
Советник за правни прашања
Билјана Ристеска

ОДОБРИЛ:
Раководител на Сектор за финансии
Катерина Палитова

В. Д. Директор,
М-р. Владимир Кроневски